# РАЗГОВОРИ ЗА ЕДНАКВОСТ

**Прво издание: Инклузивно образование**

03 јули 2024 г.

ИЗВЕШТАЈ ОД НАСТАНОТ

Скопје, 2024 г.

Финансирано од Европска Унија

Оваа публикација е финансирана од Европската Унија. Нејзината содржина е единствена одговорност на Лудвиг Болцман Геселшафт – Институт за фундаментални и човекови права (LBI-GMR) и не нужно ги одразува ставовите на Европската Унија.

# Содржина

ЗА „РАЗГОВОРИ ЗА ЕДНАКВОСТ“ .....5

ОЧЕКУВАН ИСХОД.....5

ОРГАНИЗАТОРИ .....6

УЧЕСНИЧКИ И УЧЕСНИЦИ .....6

ПРЕЗЕНТАЦИИ И ДИСКУСИИ.....9

ПОЗДРАВНИ ОБРАЌАЊА .....9

Игор Јадровски..... 9
Весна Јаневска ..... 10
Барбара Лигл ..... 11

ИНКЛУЗИВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО ЕВРОПСКОТО ПРАВО И ПРАКТИКА .....13

Лила Фаркаш..... 13

КОМИСИЈАТА ВО ФОКУС: ИНКЛУЗИВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО РАБОТАТА НА КОМИСИЈАТА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА .....30

Севги Идриз..... 30

ПАНЕЛ ДИСКУСИЈА: ИНКЛУЗИВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО ДОМАШНОТО ПРАВО И ПРАКТИКА НИЗ ПРИЗМА НА ЕДНАКВОСТА И НЕДИСКРИМИНАЦИЈАТА.....33

Мабера Камбери..... 33
Елена Кочоска..... 34
Дана Бишкоска ..... 39
Арабела Иљаз..... 43
Огнен Спасовски..... 43

РОДОВА ПЕРСПЕКТИВА НА ИНКЛУЗИВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ: КОМПАРАТИВНИ ЕВРОПСКИ СТАНДАРДИ И ИСКУСТВА.....46

Јустина Јонеску ..... 46

КОМИСИЈАТА ВО ФОКУС: РОДОВО-СЕНЗИТИВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО РАБОТАТА НА КОМИСИЈАТА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА .....56

Драгана Дрндаревска..... 56
Ана Угрова..... 57

ПАНЕЛ ДИСКУСИЈА: РОДОВАТА ПЕРСПЕКТИВА НА ДОМАШНОТО РАЗБИРАЊЕ И ПРАКТИКА ЗА ИНКЛУЗИВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ........ 60

Ирена Цветковиќ ........ 60
Лина Ќостарова Унковска ........ 61
Ана Попризова ........ 67

ЗАВРШНИ ЗБОРОВИ И СЛЕДНИ ЧЕКОРИ ........ 70

ПРИЛОГ: ДНЕВЕН РЕД ........ 71

# РАЗГОВОРИ ЗА ЕДНАКВОСТ

## За „Разговори за еднаквост“

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД) е националното тело за еднаквост воспоставено со Законот за спречување и заштита од дискриминација (ЗСЗД) од 2020 година. Според надлежностите утврдени во овој закон, КСЗД може да издава препораки како дел од активностите спроведени во рамки на неколку од своите надлежности во своите годишни извештаи, во усвоените мислења, како и да издава општи препораки. Поради природата на нејзиниот мандат и појавноста на дискриминацијата во практиката, КСЗД понекогаш мора да ги формулира овие препораки на поопшт начин со цел да го нагласи постоењето на поголемо, системско или структурно прашање.

Со цел зголемување на ефективноста на КСЗД се наметна и прашањето за спроведувањето на сите нејзини препораки, свесноста за препораките, како и подобрено разбирање на нивното полно значење, вклучително и крупната системска и/или структурна природа на дел од препораките. За оваа цел, КСЗД започнува со организирање на годишен настан „Разговори за еднаквост“, кој ќе служи како платформа за разговор и дефинирање на конкретен пат и/или план на активности насочени кон спроведување во практиката на поопшто формулираните препораки кои се однесуваат на комплексни прашања, односно на поголеми, системски или структурни прашања.

Очекувањето е овој настан да прерасне во традиционален годишен и предводнички настан преку кој ќе биде препознаена и преку кој таа ќе отвара форум за национален дијалог за клучни предизвици во врска со еднаквоста и недискриминацијата. Проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“ ќе ги поддржи овие настани за време на целото траење, односно од 2024 до 2026 година, како и активности за обезбедување на средства за одржување на настанот и по завршувањето на проектот.

## Очекуван исход

Главната цел на овој настан е да служи како отворен форум за широк дијалог за клучни, системски, предизвици во врска со еднаквоста и недискриминацијата.

Непосредни резултати и продукти:

- Зајакнат дијалог на разни чинители и засегнати страни за поголеми, системски или структурни прашања.
- Пишан извештај од настанот со резиме на дискусиите.

- Пишан преглед на договорени конкретни чекори и активности до системски промени, поврзани со индикатори со цел овозможување на подобар терен за следење на нивното спроведување.

## Организатори

- Комисија за спречување и заштита од дискриминација
- Проект „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“ финансиран од Европската унија, имплементиран од Лудвиг Болцман Геселшафт - Институт за фундаментални и човекови права

## Учеснички и учесници

| # | Име и презиме | Афилијација |
|---|---|---|
| 1. | Ана Попризова | Панелистка, Актив на стручни служби на средните училишта на Град Скопје |
| 2. | Ана Угрова | Комисија за спречување и заштита од дискриминација |
| 3. | Арабела Иљаз | Панелистка, Министерство за образование и наука |
| 4. | Ардита Вејсели | Институт за европска политика (ЕПИ) |
| 5. | Ашмет Елезовски | Здружение Национален ромски центар |
| 6. | Барбара Лигл | Проект „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“ |
| 7. | Беба Жагар | Институт за европска политика (ЕПИ) |
| 8. | Билјана Котевска | Проект „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“ |
| 9. | Благица Димитровска | Здружение Инклузива |
| 10. | Боре Пуцоски | УНИЦЕФ |
| 11. | Весна Костиќ Ивановиќ | Народен правобранител |
| 12. | Дана Бишкоска | Панелистка, Министерство за образование и наука |
| 13. | Драгана Дрндаревска | Комисија за спречување и заштита од дискриминација |
| 14. | Драгана Каровска | ХЕРА - Асоцијација за здравствена едукација и истражување |
| 15. | Ѓултен Мустафовска | Совет на Европа, Програма за Роми и патувачи |
| 16. | Ева Спасевска | ХЕРА - Асоцијација за здравствена едукација и истражување |
| 17. | Едвин Мемедов | КХАМ Делчево |
| 18. | Елена Кочовска | Панелистка, експертка за еднаквост и недискриминација во образованието на основ на попреченост |

| # | Име и презиме | Афилијација |
|---|---|---|
| 19. | Елена Мишиќ | Фондација „Чекор по чекор“ |
| 20. | Емилија Пападимитров | Комисија за спречување и заштита од дискриминација |
| 21. | Жанета Попоска | ОБСЕ – Мисија во Скопје |
| 22. | Зекир Абдулов | Комисија за спречување и заштита од дискриминација |
| 23. | Зоран Василевски | Хелсиншки комитет за човекови права |
| 24. | Игор Јадровски | Комисија за спречување и заштита од дискриминација |
| 25. | Ирена Цветковиќ | Панелистка, Коалиција Маргини |
| 26. | Јасна Ерцеговиќ | Ресурсен центар |
| 27. | Јасна Шоптрајанова Вртева | Преведувачка |
| 28. | Јустина Јонеску | Меѓународна експертка |
| 29. | Клементина Добревска | Прва детска амбасада во светот МЕЃАШИ |
| 30. | Кристина Весиќ | Проект „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“ |
| 31. | Кристина Дода | Институт за човекови права |
| 32. | Лила Фаркаш | Меѓународна експертка |
| 33. | Лина Ќостарова Унковска | Панелистка, Истражувачка и активистка за правата на невидливите, маргинализирани, деца и млади |
| 34. | Лорета Андреевска | ОУРЦ Иднина Скопје |
| 35. | Мабера Камбери | Панелистка, Министерство за труд и социјална политика |
| 36. | Маја Гацоска | Републички центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА |
| 37. | Маргарита Гулевска | Здружение за асистивна технологија „Отворете ги прозорците“ |
| 38. | Марија Делетиќ | ОУРЦ "д-р Златан Сремец " -Скопје |
| 39. | Мери Бакалова | Проект „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“ |
| 40. | Мерита Мустафи | Министерство за образование и наука |
| 41. | Нада Димитриевска | Центар за управување со промени |
| 42. | Наталија Цингарска | Преведувачка |
| 43. | Наталија Спасовска | ГИЗ - Германско друштво за меѓународна соработка |
| 44. | Наташа Бошкова | Проект „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“ |
| 45. | Нахида Зекирова | Министерство за труд и социјална политика |
| 46. | Огнен Спасовски | Панелист, експерт по инклузивно образование |
| 47. | Сања Јанчева | Министерство за образование и наука |
| 48. | Севги Идриз Муратоглу | Комисија за спречување и заштита од дискриминација |
| 49. | Снежана Мирчевска - Дамјановска | УНДП |

| # | Име и презиме | Афилијација |
|---|---|---|
| 50. | Тања Крстевска | Министерство за труд и социјална политика |
| 51. | Тања Мијовска | Проект „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“ |
| 52. | Тина Митева | ГИЗ - Германско друштво за меѓународна соработка |
| 53. | Флора Кадриу | Комисија за спречување и заштита од дискриминација |

# Презентации и дискусии

Поздравни обраќања

**Игор Јадровски**, Претседател, Комисија за спречување и заштита од дискриминација

**Весна Јаневска**, Министерка, Министерство за образование и наука

**Барбара Лигл**, Лидерка на компонента „Фундаментални и човекови права“, Проект „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“

## Игор Јадровски

Образованието е една од клучните стратешки области на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација. Само преку инклузивно и квалитетно образование можеме да превенираме создавање на стереотипи и предрасуди од најмала возраст и да работиме на градење на подеднакво и поправедно општество, ослободено од дискриминација.

Преку досегашната работа на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација детектирани се повеќе сериозни системски проблеми и дискриминаторски практики во основното и средното образование. Пресудата на ЕСЧП во случајот на Елмазова и др. против Р.С. Македонија, во кој Судот се повикува на мислење на Комисијата, најдобро ја покажува се уште постоечката системска сегрегација на учениците Роми во основното образование. Сегрегацијата, дискриминацијата и вознемирувањето на ученичката со Даунов синдром во основното училиште во Гостивар силно ја акцентира потребата за унапредување и подобрување на инклузивното образование во основните училишта. Недостатокот на образовни асистенти во средните училишта за учениците со посебни образовни потреби укажува на итна потреба од измени и дополнувања на законската регулатива. Последниот случај на булинг, дискриминација, вознемирување и виктимизација врз основа на сексуална ориентација на ученик во средно училиште во Велес укажува на потребата за превенција на дискриминацијата во средните училишта и сензибилизација на наставниот и техничкиот кадар во училиштата.

Искрено се надевам дека со новата министерска ќе ја подобриме соработката помеѓу Комисијата за спречување и заштита од дискриминација и Министерството за образование, која досега, за жал, не е на завидно ниво. Министерството во Комисијата има партнер за спроведување на системски промени од аспект на превенција и заштита од дискриминација

и промоција на принципот на еднаквост во образованието. За таа цел стоиме на располагање и очекуваме да бидеме вклучени во постоечките работни групи за најстратешките закони од областа на образованието како што се Законот за основно образование, Законот за средно образование и Законот за учебници за основно и средно образование.

Само со заеднички сили и меѓу институционална соработка можеме да создадеме поеднакво и поинклузивно општество за идните генерации.

## Весна Јаневска

Почитувани,

Дозволете ми да се заблагодарам на поканата заедно да разговараме на чувствителната тема инклузивно образование. Можам да потврдам дека Министерството за образование и наука под мое раководство ќе работи на унапредување на инклузивното образование. Тоа е програмска определба на новата Влада, а лично ќе се заложам децата со посебни образовни потреби да не се идентификуваат со нивната дијагноза, туку со потенцијалите што со помош на образованието ги развиле.

Сите овде ја разбираме комплексноста на инклузивното образование. Затоа постепено, но со сериозна посветеност и со тимска работа, врз основа на целосно согледување на функционирањето на инклузивното образование, ќе носиме конкретни решенија, за кои јавноста ќе биде транспарентно и навремено информирана.

Во овој процес прв наш партнер ќе бидат родителите, кои во изминатиот период, во секоја пригода јасно кажуваа дека од државата не очекуваат сожалување туку конкретна поддршка за да обезбедат напредок на своите деца. Не смее да продолжат политиките кои од образованието место можност направија пречка за напредок на овие деца. Затоа ќе ги вклучиме и практичарите-наставниците, стручните служби, образовните асистенти, имаме специјализирани институти, сите заедно можеме да изградиме поквалитетно инклузивно образование.

Министерството за образование и наука нема неограничен буџет, но сепак ќе го зголемиме бројот на образовни асистенти. Можам да најавам дека ќе го подобриме средното образование за учениците со попреченост, а учениците со комплексни потреби ќе развиваат животни вештини, ќе бидат работно ангажирани и ќе се оспособуваат за работа согласно нивните можности и афинитети.

За да ја зголемиме инклузијата кај уште една ранлива категорија – децата Роми, за нив ќе ја продолжиме и зголемиме поддршката, така што ќе обезбедиме поголем број образовни медијатори како и ученички стипендии.

Почитувани,

Би сакала заедно да нотираме уште еден предизвик – како општество имаме потреба од поголема инклузивна култура. Неколку примери што одекнаа во минатото тоа јасно го покажаа. За жал, ваква промена не може да се направи преку ноќ. Затоа ве повикувам и вас како Комисија, како и сите што би сакале да видат позитивни промени, да бидат дел од нив, да вложат во промените што сакаат да ги видат. Ние како Министерство, и јас како министерка, ветуваме упорна работа за достоинство и благосостојба на децата и лицата со посебни потреби.

Ви благодарам.

## Барбара Лигл

Добро утро! Ви посакувам добредојде на сите во името на проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото", кој е финансиран од Европската Унија и имплементиран од Институтот за темелни и човекови права Лудвиг Болцман. Јас сум Барбара Лигл, лидерка сум на компонентата која работи на темелните и човековите права во рамките на проектот. КСЗД е една од четирите главни корисници од активностите кои ги поддржува нашата компонента.

КСЗД е клучен чинител за човековите права во оваа земја. Иако е сè уште млада институција, таа постигна значителна видливост и прифатеност кај граѓаните и граѓанките. Ова е јасно од постојаното зголемување на бројот на случаи пријавени во КСЗД во 2023 година. КСЗД дава најзначаен придонес кон отстранување на повредите на човековите права за луѓето кои доживеале дискриминација и ги прави видливи системските недостатоци со што директно влијае на граѓаните и граѓанките кои се наоѓаат во многу ранлива позиција.

Европската унија повторно ја нагласи својата посветеност на промовирање на помошта што им се нуди на жртвите на дискриминација и на зајакнување на спроведувањето на законодавството за еднаков третман со ставање во сила на две Директиви на ЕУ за стандарди за тела за еднаквост на 29 мај 2024 година. Овие директиви ја зајакнуваат улогата на телата за еднаквост како промотори на еднаков третман, како поддржувачи на жртвите на дискриминација во добивањето пристап до правда и како агенти за промена за надминување на системската дискриминација.

КЗПД е тело за еднаквост и активно го спроведува Законот за спречување и заштита од дискриминација и многу сме среќни што можеме да ја поддржиме КСЗД во натамошното зајакнување на нејзиниот капацитет за издавање општи препораки. Добро примени препораки од оние кон кои се упатени и брзо и ефективно имплементирани препораки дополнително ќе го зајакнат угледот на КСЗД. Високата стапка на успех во спроведувањето на препораките ќе го зајакне и превентивниот дел од мандатот на КСЗД.

Денеска ќе зборуваме за инклузивното образование и како препораките на CPPD можат да поддржат системска промена кон инклузивен образовен систем, кој не само што ќе го

гарантира правото на недискриминација за сите деца, туку ќе го гарантира и нивното право на квалитетно образование.

Ние, проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“, со задоволство ја поддржуваме КСЗД за ова прво издание на Разговорите за еднаквост и сме среќни што сме дел од започнувањето на серијата настани кои се надеваме дека ќе прераснат во традиција која заинтересираната јавност ќе ја очекува со нетрпение секоја година.

Би сакала да се заблагодарам на КСЗД за добрата соработка, не само во организирањето на овој настан туку и во текот на целиот проект. Со нетрпение го очекувам споделувањето на знаење и искуство на денешните дискусиите за време на ова прво издание на Разговорите за еднаквост. Ви посакувам на сите успешен настан и успех на КСЗД во нејзината работа, за да продолжи да расте нејзиниот углед.

<u>Инклузивното образование во европското право и практика</u>

Главна говорничка: Лила Фаркаш, меѓународна експертка за инклузивното образование и еднаквоста и недискриминацијата во меѓународното право

Модераторка: Билјана Котевска, експертка за родова еднаквост, Проект „Поддршка на ЕУ за владеење на правото"

## Лила Фаркаш

Главната говорничка на првото издание на „Разговорите за еднаквост", Лила Фаркаш, се фоксусираше на правните стандарди и практики од меѓународното и европското право за инклузивното образование со фокус на еднаквоста и недискриминацијата, вклучително и преку презентирање на правилата од тврдото и мекото право, фокусирајќи се на тие од Организацијата на обединетите нации, Советот на Европа, Организацијата за безбедност и соработка во Европа, како и Европската унија. Таа ги презентираше наодите од најновата, сè уште необјавена, студија на Советот на Европа за инклузивни училишта. Во продолжение ја вклучуваме интегрално нејзината презентација.



EU SUPPORT FOR RULE OF LAW | LUDWIG BOLTZMANN INSTITUTE Fundamental and Human Rights | REPUBLIC OF SLOVENIA MINISTRY OF THE INTERIOR | REPUBLIC OF CROATIA Ministry of Justice and Public Administration | CILC Center for International Legal Cooperation



Дебати во рамки на законот и надвор од него

Цврсти и меки законски мерки

Правна наука

Главни концепти: **исклученост**, **сегрегација**, **интеграција и инклузија**

**Законска регулатива и судски одлуки – национално ниво**

Funded by the European Union

EU with YOU

EU SUPPORT FOR RULE OF LAW | LUDWIG BOLTZMANN INSTITUTE Fundamental and Human Rights | REPUBLIC OF SLOVENIA MINISTRY OF THE INTERIOR | REPUBLIC OF CROATIA Ministry of Justice and Public Administration | CILC Center for International Legal Cooperation




Роми:
Европската група на „отпадници“

Екстремна сиромаштија и социјална маргинализација

Традиции на етнички малцинства: јазик и начин на живеење (номади?)

Социолошки концепт за расите (Racialization): „во очите на набљудувачот”

Funded by the European Union

EU with YOU

RULE OF LAW — LUDWIG BOLTZMANN INSTITUTE Fundamental and Human Rights — REPUBLIC OF SLOVENIA MINISTRY OF THE INTERIOR — REPUBLIC OF CROATIA Ministry of Justice and Public Administration — CILC




Најнова публикација

**СТУДИЈА ЗА МАПИРАЊЕ**

**УЧИЛИШНА СЕГРЕГАЦИЈА НА РОМСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ: ТРЕНДОВИ И ПАТЕКИ КОН ОБРАЗОВНА ИНКЛУЗИЈА**

Funded by the European Union — EU with YOU

RULE OF LAW — LUDWIG BOLTZMANN INSTITUTE Fundamental and Human Rights — REPUBLIC OF SLOVENIA MINISTRY OF THE INTERIOR — REPUBLIC OF CROATIA Ministry of Justice and Public Administration — CILC




## Ученици со попреченост

Стапката на лица коишто предвремено го напуштаат образованието е двојно поголема кај лицата со попреченост во однос на лицата без попреченост. Многу млади луѓе со попреченост посетуваат специјални училишта и се соочуваат со тешкотии при влегувањето во нормалното образование и обука: само 29% се стекнуваат со терциерно образование (пост-средно) во споредба со 44% од лицата коишто се без попреченост.

Funded by the European Union — EU with YOU

## Дебата и аргументи

Образованието во Европа е обврска, но и право.

Незаконски е да ги обврзете децата на страдање заради дискриминација на училиште

законски –човекови права:

- достоинство и еднаквост
- социјални права
- детски права: во најдобар интерес на децата
- малцински права: мултикултурализам/инклузија

морални:

- демократија
- способности (Сен)

економски:

- пристап до пазарот на труд
- трошоци и придобивки

Funded by the European Union

RULE OF LAW
LUDWIG BOLTZMANN INSTITUTE Fundamental and Human Rights
REPUBLIC OF SLOVENIA MINISTRY OF THE INTERIOR
REPUBLIC OF CROATIA Ministry of Justice and Public Administration
CILC

## НЕДОСЛЕДНИ меѓународни стандарди

- Цврсти и меки законски мерки, вклучително и општи коментари на телата формирани врз основа на меѓународните договори
- Подетална регулатива за еднаков третман во образованието: КПДО (CADE), КПЛП (CRPD)
- **Недискриминацијата** како **негативна должност** (расно или етничко потекло) наспроти **позитивна должност** (попреченост)

ОН

- КПДО (CADE), МКЕСФРД (ICERD),
- МКЕСКП (ICESCR) (4А шема), КПД (CRC),
- КПЛП (CRPD)

СЕ

- ЕКЧП (ECHR), ЕСП (ESC)
- РКЗНМ (FCNM)

ОБСЕ: препораки

ЕУ

- ПФПЕУ (CFREU)
- ДРЕ (RED), ДЕВ (EED) (стручно и терциерно образование)

Funded by the European Union

# Недискриминацијата како позитивна должност: КПЛП (CRPD) Член 24.1

1. Државите потписнички го признаваат правото на образование на лицата со попреченост. Во однос на остварување на ова право без дискриминација и врз основа на еднакви можности, државите потписнички ќе обезбедат **инклузивен систем на образование** на сите нивоа и доживотно учење насочено кон:

2. а. Целосен развој на човековиот потенцијал и чувство на достоинство и на самовреднување и зајакнувањето на почитта за човековите права, основните слободи и човековата различност;

   б. Развој на личноста, талентите и креативноста, како и менталните и физичките способности на лицата со попреченост до ниво на целосен потенцијал;

   в. Оспособување на лицата со попреченост ефективно да учествуваат во слободното општество.

Funded by the European Union

# КПЛП (CRPD) Член 24.2

2. При реализирањето на ова право, државите потписнички ќе обезбедат дека:

а) Лицата со попреченост <u>**не се исклучени од општиот образовен систем**</u> врз основа на попреченост, и дека децата со попреченост не се исклучени од бесплатно и задолжително основно образование или од средно образование врз основа на попреченост;

б) Лицата со попреченост имаат пристап до инклузивно, квалитетно, бесплатно основно и средно образование на еднаква основа заедно со другите во местата каде што живеат;

в) Обезбедено е разумно прилагодување според барањата на поединецот;

г) Лицата со попреченост ја добиваат потребната поддршка, во рамките на општиот образовен систем, за да го олеснат нивното ефективно образование;

д) Ефективни индивидуализирани мерки за поддршка се обезбедени во средини каде се максимизира академскиот и социјалниот развој, доследен на целта на целосна инклузија.

Funded by the European Union

# КПЛП (CRPD) Член 24.3

3. Државите потписнички ќе им овозможат на лицата со попреченост да стекнуваат вештини за секојдневно живеење и социјален развој кои ќе го олеснат нивното целосно и еднакво учество во образованието и како членови на заедницата. За таа цел, државите потписнички ќе преземат соодветни мерки, вклучително:

а) Олеснување на изучувањето на Брајовото писмо, алтернативни пишани букви, аугментативни и алтернативни модели, средства и формати за комуникација, вештини за ориентација и мобилност, и олеснување на поддршка и менторство од страна на врсници;

б) Олеснување на изучувањето на знаковен говор и промовирање на лингвистичкиот идентитет на лицата со оштетен слух;

в) Обезбедување дека образованието на лицата, а особено на децата кои се слепи, глуви или глуви и слепи, се овозможува на **најсоодветните јазици и начини**, и средства за комуникација за поединецот, и во средини кои го максимизираат академскиот и социјалниот развој.

Funded by the European Union

# КПЛП (CRPD) Член 24.4 & 5

4. Со цел да се помогне во обезбедување на реализацијата на ова право, државите потписнички ќе преземат соодветни мерки за вработување наставници, вклучително и наставници со попреченост, кои се квалификувани за знаковен говор и/или Брајово писмо и за обучување на професионалци и персонал кој работи на сите нивоа во образованието. Таквата обука ќе инкорпорира свесност за попреченоста и за користењето на соодветни аугментативни и алтернативни начини, средства и формати за комуникација, образование техники и материјали за поддршка на лицата со попреченост.

5. Државите потписнички ќе обезбедат дека лицата со попреченост имаат **пристап** до општото високо образование, стручна обука, образование за возрасни и доживотно **учење без дискриминација** и на еднаква основа со другите. Заради тоа, државите потписнички ќесе погрижат да овозможат разумно прилагодување за лицата со

Funded by the European Union

EU SUPPORT FOR RULE OF LAW · LUDWIG BOLTZMANN INSTITUTE Fundamental and Human Rights · REPUBLIC OF SLOVENIA MINISTRY OF THE INTERIOR · REPUBLIC OF CROATIA Ministry of Justice and Public Administration · CILC Center for International Legal Cooperation

# Главни концепти I: КПЛП (CRPD) Општ коментар бр. 4 (2016) за правото на инклузивно образование, точка 11.

Комитетот ја нагласува важноста на препознавање на **разликите меѓу исклучување, сегрегација, интеграција и инклузија.** Исклучување се случува кога на учениците директно или индиректно им се спречува пристап до образование во било која форма. **Сегрегацијата** се јавува кога образованието на учениците со попреченост се одвива во одделни средини кои се осмислени или се користат за да се одговори на одредена оневозможеност или на различни оневозможености, **во изолација од учениците без попреченост. Интеграцијата е процес на вклучување на лицата со попреченост во постојните редовни образовни институции со разбирање дека тие можат да се прилагодат кон стандардизираните барања на таквите институции. Инклузијата подразбира процес на системска реформа** која ги отелотворува промените и измените во содржината, наставните методи, пристапите, структурите и стратегиите во образованието за да се надминат бариерите, со визија која служи на сите ученици од соодветната возраст ќе им се овозможи да добијат правично и партиципативно искуство во учењето и средина што најдобро одговара на нивните потреби и преференции. **Вклучувањето на учениците со попреченост во редовната настава без придружни структурни промени, на пример, на организацијата, наставната програма и наставните стратегии, не претставува инклузија. Исто така, интеграцијата не гарантира автоматски премин од сегрегација во инклузија.**

Funded by the European Union · EU with YOU

EU SUPPORT FOR RULE OF LAW · LUDWIG BOLTZMANN INSTITUTE Fundamental and Human Rights · REPUBLIC OF SLOVENIA MINISTRY OF THE INTERIOR · REPUBLIC OF CROATIA Ministry of Justice and Public Administration · CILC Center for International Legal Cooperation

# Главни концепти II: Разумни приспособувања, КПЛП (CRPD) Општ коментар бр. 4, точка 30.

Не постои „една за сите“ формула за соодветно приспособување бидејќи на различни ученици со иста попреченост може да им се потребни различни приспособувања. Приспособувањата може да вклучуваат: промена на местото на наставата; обезбедување различни форми на комуникација во училницата; зголемување на фонтот, материјали и/или предмети со знаци, или обезбедување материјали во алтернативен формат; и доделување записничар или јазичен толкувач за учениците или дозволување тие да користат асистивна технологија во ситуации на учење и оценување. Исто така, мора да се земе предвид и обезбедување на нематеријални приспособувања, како на пример, давање повеќе време на ученикот, намалување на нивото на заднинската бучава (чувствителност на сензорни преоптоварувања), користење алтернативни методи на оценување и замена на елемент од наставната програма со алтернатива.

Funded by the European Union · EU with YOU

RULE OF LAW
LUDWIG BOLTZMANN INSTITUTE Fundamental and Human Rights
REPUBLIC OF SLOVENIA MINISTRY OF THE INTERIOR
REPUBLIC OF CROATIA Ministry of Justice and Public Administration
CILC

## Пристап на позитивна должност

1. Забрана на сегрегација и други типови дискриминација
2. Вклучување на клучните концепти во законската регулатива
3. Дефинирање на клучните концепти во законската регулатива или во меките законски мерки
4. Воспоставување тесна рамка или без исклучоци/оправдувања за сегрегација и други типови дискриминација
5. Воспоставување ефективни правни лекови во законската регулатива преку барање
   - системска реформа
   - разумно приспособување за подгрупи во рамките на малцинствата и поединците
   - промени кои се повеќе од формални и кои нема да претставуваат само товар за поединецот од малцинството

Funded by the European Union
EU with YOU

RULE OF LAW
LUDWIG BOLTZMANN INSTITUTE Fundamental and Human Rights
REPUBLIC OF SLOVENIA MINISTRY OF THE INTERIOR
REPUBLIC OF CROATIA Ministry of Justice and Public Administration
CILC

## Ајде

да видиме кои се недостатоците на пристапот на негативна должност

и

да го откриеме најдобриот начин на којшто може да се регулираат и носат одлуки за случаи поврзани со инклузивното образование, врз основа на расно или етничко потекло затоа што можностите ќе се стеснат по пристапувањето во ЕУ.

Funded by the European Union
EU with YOU

EU SUPPORT FOR RULE OF LAW · LUDWIG BOLTZMANN INSTITUTE Fundamental and Human Rights · REPUBLIC OF SLOVENIA MINISTRY OF THE INTERIOR · REPUBLIC OF CROATIA Ministry of Justice and Public Administration · CILC Center for International Legal Cooperation

# Забрана на расна или етничка сегрегација

Експлицитна забрана во договорите на ОН

- Конвенција против дискриминација во образованието на УНЕСКО, Членови 1, 2, 5
- МКЕСФРД (ICERD) Член1, 2, 3
- КЕРД (CERD) ОП бр. XIX: спонтаната сегрегација мора исто така да се укине од страна на земјите

Нема експлицитна забрана за сегрегација во ЕКЧП (ECHR), законодавството на ЕУ

- ЕСЧП (ECtHR): (индиректна) дискриминација: Член 14 во врска со Член 2 Прот. 1/ Прот. 12
- СПЕУ (CJEU): РЕД Член 2.2.б) Комисијата против Словачка– тужба за индиректна дискриминација

Funded by the European Union · EU with YOU

EU SUPPORT FOR RULE OF LAW · LUDWIG BOLTZMANN INSTITUTE Fundamental and Human Rights · REPUBLIC OF SLOVENIA MINISTRY OF THE INTERIOR · REPUBLIC OF CROATIA Ministry of Justice and Public Administration · CILC Center for International Legal Cooperation

# КПДО (CADE) – на барање на Врховниот суд на Чешка, 2022 г.

Член 1 од КПДО (CADE) ја дефинира дискриминацијата како „какво било разликување, исклучување, ограничување или преференција, којашто се базира на раса, боја на кожа, пол, јазик, религија, политичко или друго мислење, национално или општествено потекло, економска состојба или раѓање, а чија цел или ефект е да го поништи или намали еднаквиот третман во образованието, а особено: […] , при воспоставување или одржување посебни образовни системи или институции за лица или групи на лица“. Во Член 2(б) КПДО (CADE) се вели дека „воспоставувањето или одржувањето на посебни образовни системи или институции заради *религиозни или јазични причини* коишто нудат образовни услуги за да ги *задоволат желбите на* родителите или законските старатели на учениците, доколку учеството во таквите системи или институции е *изборно* и доколку образованието што се обезбедува *е во согласност со* стандардите коишто се предвидени или одобрени од надлежните власти, особено за образование на истото ниво“ (акцент ставен на клучните елементи) нема да се смета дека претставува дискриминација. Во Член 5(1)(в) КПДО (CADE) понатаму се предвидува дека посебно образование за малцинство (јазично) е законско сè додека овозможува значајно учество на родители од малцинството, еднаков квалитет на образование и е изборно по природа. КПДО подеднакво се применува и на приватно или на јавно финансирани религиозни училишта.

Funded by the European Union · EU with YOU

RULE OF LAW
EU SUPPORT FOR
LUDWIG BOLTZMANN INSTITUTE Fundamental and Human Rights
REPUBLIC OF SLOVENIA MINISTRY OF THE INTERIOR
REPUBLIC OF CROATIA Ministry of Justice and Public Administration
CILC Center for International Legal Cooperation

# МКЕСФРД (ICERD)

Меѓународна конвенција за елиминација на сите форми на расна дискриминација (ICERD, 1965) забранува сегрегација во образованието без исклучоците во Член 3: „Страните потписнички особено ја осудуваат расната сегрегација […] и преземаат мерки за спречување, забрана и искоренување на сите практики од ваква природа на териториите под нивна јурисдикција.“ Оваа категорична забрана се однесува и на таканаречената спонтана, непринудна или принудна сегрегација што произлегува од дејства на јавните органи или поединци во форма на преселба на лица од белата раса од мешани во чисти квартови, резиденцијална сегрегација или други процеси. Во Општата препорака бр. XIX, Комитетот за елиминација на сите форми на расна дискриминација смета дека расната сегрегација е незаконска, дури и кога јавните органи и училишта не се инволвирани во процесите.

Funded by the European Union

EU with YOU

RULE OF LAW
EU SUPPORT FOR
LUDWIG BOLTZMANN INSTITUTE Fundamental and Human Rights
REPUBLIC OF SLOVENIA MINISTRY OF THE INTERIOR
REPUBLIC OF CROATIA Ministry of Justice and Public Administration
CILC Center for International Legal Cooperation

# ЕКЧП (ECHR)

Член 14 содржи општо начело за еднаков третман, а Судот во Стразбур оваа одредба ја толкува врз основа на формулата на Аристотел, според која, сличностите треба да се третираат на сличен начин, додека пак различностите треба да се третираат различно. Токму затоа, дискриминацијата има две страни: различно третирање на лица во релативно слични ситуации без цел и разумно објаснување, но исто така и не третирање на различен начин групи коишто страдаат од фактички нееднаквости. Член 14 од ЕКЧП не прави разлика меѓу различните форми на дискриминација, ниту пак експлицитно забранува сегрегација и вознемирување. Според Член 14, дискриминацијата во принцип може објективно да се оправда, но во пракса, сите оправдувања на земјите потписнички во случаите коишто се однесуваа на образованието беа неуспешни.

Funded by the European Union

EU with YOU

EU SUPPORT FOR RULE OF LAW
LUDWIG BOLTZMANN INSTITUTE Fundamental and Human Rights
REPUBLIC OF SLOVENIA MINISTRY OF THE INTERIOR
REPUBLIC OF CROATIA Ministry of Justice and Public Administration
CILC Center for International Legal Cooperation

## ЕКЧП II – сегрегацијата е еднаква на ненамерна индиректна дискриминација?

Судот утврди ненамерна, индиректна дискриминација или дискриминација без конкретна класификација во случаите поврзани со образованието на Ромите. Судот ја елаборира дефиницијата за индиректна дискриминација во случајот *Д.Х. и други против Република Чешка*, забележувајќи дека е на ниво на „непропорционално нагласени ефекти на општата политика или мерки, коишто иако формулирани на неутрален начин, сепак имаат дискриминаторски ефект врз определена група". Судот откри индиректна дискриминација врз непропорционален број на деца Роми, распределени во специјални училишта за деца со ментални попречености, иако праксата што се применувала се базирала на навидум неутрална одредба – односно дека наводно не била поврзана со ромското етничко малцинство. Истиот проблем со погрешна дијагноза беше забележан и во случајот *Хорват и Кис против Унгарија*. И уште еден наод на индиректна дискриминација којашто произлегла од распределување на ученици Роми во класови составени само од Роми во случајот *Оршуш и други против Хрватска*, наводно поради нивното незнаење на службениот јазик. Распределувањето ученици во училишта само за Роми во случајот *Лавида и други против Грција* и *Золчан против Унгарија*, како и во училиштен објект/анекс само за Роми во случајот *Сампанис и други против Грција* резултираа со наоди на дискриминација во образованието. Во *Сампанис*, на учениците Роми не им било дозволено да влегуваат во училиштето пред да бидат распределени во специјални училници во анекс изграден до главните објекти на училиштето.

Funded by the European Union
EU with YOU

EU SUPPORT FOR RULE OF LAW
LUDWIG BOLTZMANN INSTITUTE Fundamental and Human Rights
REPUBLIC OF SLOVENIA MINISTRY OF THE INTERIOR
REPUBLIC OF CROATIA Ministry of Justice and Public Administration
CILC Center for International Legal Cooperation

## ECHR III

Во *Х и други против Албанија*, и *Елмазова и други против Северна Македонија*, сегрегацијата веќе била утврдена од страна на член на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД) во претходниот состав и Комисијата за спречување и заштита од дискриминација и Народниот правобранител во вториот случај, но властите не успеаја да постигнат усогласеност со наредбите/препораките за спроведување мерки на десегрегација. Во овие случаи, како и во случајот *Солзан против Унгарија*, децата Роми биле сегрегирани во училишта каде што Ромите биле доминантни, па Судот во Стразбур им воведе позитивна обврска на релевантните држави потписнички за преземање мерки за десегрегација. Во случајот *Авдиу и други против Албанија*, Судот во Стразбур не утврди прекршување затоа што по одлуката на КСЗД која утврдила расна сегрегација, властите не само што ги затвориле сегрегираните училишта, туку исто така обезбедиле и транспорт за децата до новото училиште и надомест на трошоците за транспорт за засегнатите семејства.

Funded by the European Union
EU with YOU

EU SUPPORT FOR RULE OF LAW
LUDWIG BOLTZMANN INSTITUTE Fundamental and Human Rights
REPUBLIC OF SLOVENIA MINISTRY OF THE INTERIOR
REPUBLIC OF CROATIA Ministry of Justice and Public Administration
CILC Center for International Legal Cooperation

## ЕКЧП IV: нема оправдување за сегрегација

Во случајот *ДХ*, Судот во Стразбур сметаше дека расната дискриминација – која вклучува и сегрегација – не е дозволена, затоа што ниту една разлика во третманот којашто се темели исклучиво или до одлучувачки степен на етничкото потекло на лицето, не може објективно да се оправда во едно современо демократско општество коешто е изградено врз начелата на плурализам и почит кон различните култури“. ЕСЧП ги разгледуваше преселбата на лица од белата раса од мешани во чисти квартови и отпорот на родителите што не се Роми кон интегрираното образование во случаите *Сампани, Оршуш* и *Лавида*, мерките наменети за поправање на недостатоците во врска со службениот јазик во Оршуш и мерките неопходни за постигнување интеграција во *Оршуш, Хорват и Кис, Сампани и Лавида, Х и други, Елмазова и други* и *Солзан.*

Толкувањето на Судот во Стразбур обезбедува основа за заштита, но националните судови во одредени случаи погрешно ја толкуваа оваа правна наука и дозволуваа оправдување на сегрегацијата во некои случаи.

Funded by the European Union
EU with YOU

EU SUPPORT FOR RULE OF LAW
LUDWIG BOLTZMANN INSTITUTE Fundamental and Human Rights
REPUBLIC OF SLOVENIA MINISTRY OF THE INTERIOR
REPUBLIC OF CROATIA Ministry of Justice and Public Administration
CILC Center for International Legal Cooperation

## Правото на ЕУ

Индиректна дискриминација се појавува „кога навидум неутрална одредба, критериум или практика става лица од одредено расно или етничко потекло во неповолна положба во споредба со други лица, освен ако таквата одредба, критериум или практика е објективно оправдана со легитимна цел, а средствата за постигнување на таа цел се соодветни и неопходни“ (ДРЕ Член 2.2 (б)). Судот на правдата на ЕУ донесе одлука дека концептот на индиректна дискриминација во пракса значи дека „национална мерка, иако формулирана на неутрален начин, функционира на штета на далеку повеќе лица кои ги поседуваат заштитените карактеристики во споредба со лицата што не ги поседуваат тие карактеристики“. Во *ЧЕЗ* (CHEZ), случај којшто укажа на проблемите со дискриминација поврзани со лица од ромско потекло, Судот донесе одлука дека „навидум неутрална“ мерка значи „да се земат предвид фактори различни од и нееквивалентни на заштитените карактеристики“.

Funded by the European Union
EU with YOU

## Дилема I: како да се поправи недостатокот на експлицитна забрана?

1. Забрана на сегрегација и други форми на дискриминација во законската регулатива ЕКСПЛИЦИТНО
2. Вклучување клучни концепти во законската регулатива
3. Дефинирање на клучните концепти во законската регулатива или во меките законски мерки

Како да се постапува во работата на случаи? Дали да се потпираме само на КПДО (CADE) и МКЕСФРД (ICERD)? Дали да се тргне настрана судската практика на ЕСЧП и СПЕУ?

Funded by the European Union

## Дилема II: исклучоци и оправдувања

КПЛП (CRPD) воспоставува тесно или без исклучоци оправдување за сегрегација и други типови дискриминација.

КПДО (CADE): образование на малцинство (јазик) ако се воспостави во согласност со строгите заштитни мерки

МКЕСФРД (ICERD): позитивно дејствување

ЕСЧП (ECtHR): досега не е дозволено никакво оправдување

РИЗИК: националните судови можат да дозволат оправдување ако сегрегацијата се третира како индиректна дискриминација

Funded by the European Union

EU SUPPORT FOR RULE OF LAW
LUDWIG BOLTZMANN INSTITUTE Fundamental and Human Rights
REPUBLIC OF SLOVENIA MINISTRY OF THE INTERIOR
REPUBLIC OF CROATIA Ministry of Justice and Public Administration
CILC Center for International Legal Cooperation

## Дилема III: коригирање на сегрегацијата

Прашањето се врти околу достапноста и спроведувањето судска одлука (план за интеграција/инклузија). И индиректно, двоумењето на судовите во континенталниот дел на Европа за вмешување во политичките процеси.

КПДО (CADE) – заштитни мерки

МКЕСФРД (ICERD) – нејасно

ЕКЧП (ECHR) – Правната наука на Судот во Стразбур станува поодлучна

СПЕУ (CJEU) – судската забрана е дел од ефективните правни лекови (*ACCEPT, Rete Lenford*)

Како да се надминат системските и структурните проблеми во еден случај? Дали да се иницираат истраги по службена должност?

Funded by the European Union
EU with YOU

EU SUPPORT FOR RULE OF LAW
LUDWIG BOLTZMANN INSTITUTE Fundamental and Human Rights
REPUBLIC OF SLOVENIA MINISTRY OF THE INTERIOR
REPUBLIC OF CROATIA Ministry of Justice and Public Administration
CILC Center for International Legal Cooperation

## Кој е носител на должноста за инклузија?

ОБСЕ (OSCE)  Љубљански насоки за интеграција во разнолики општества 2012

11. Политиките за интеграција треба да содржат мерки коишто поттикнуваат дијалог меѓу заедниците и интеракција базирана на толеранција и взаемна почит.

12. … интеграција на општеството е процес на взаемно приспособување и активен ангажман во кој се вклучени сите членови на општеството, како поединци или како организирани групи.

42. Политиките на државите треба да ја балансираат потребата од еден или повеќе заеднички јазици како заедничка основа за интеграција и функционирање на општеството, со обврска да се заштити и промовира јазичниот диверзитет, вклучително и преку заштита на јазичните права на малцинствата.

44. Образовните политики треба да се формулираат во согласност со и како дел од политиките за интеграција. На тој начин, тие можат да обезбедат подобра основа за интеграција на општеството и да го поттикнуваат знаењето, интеракцијата и разбирањето меѓу учениците од различни заедници.

Funded by the European Union
EU with YOU

## Во најдобар интерес на децата: родителите не можат да изберат сегрегација или исклучување

КПЛП (CRPD) ОП бр.4: 10.(а) Инклузивното образование треба да се сфати како основно човеково право на сите ученици. Имено, образованието е право на индивидуалниот ученик, а не во случајот со децата, право на родителот или старателот. Родителските одговорности, во оваа смисла, се подредени на правата на децата.

ДХ [ОП] став. 204: Судот во Стразбур донесе одлука дека е неприфатливо родителите да избираат образование за нивните деца базирано на расна сегрегација: „Во однос на основната важност на забраната за расна дискриминација... никој не може да се откаже од неговото право да биде слободен од расна дискриминација, затоа што тоа е против најдобриот јавен интерес“. Во таа смисла, пресудата за случајот Д.Х. се фокусираше на родителите коишто се поранливи и коишто можеби се лишени од можноста да направат значајни избори, затоа што за нив е невозможно реално да изберат помеѓу интегрирано образование кое вклучува и вознемирување или сегрегирано образование без вознемирување и понижување на децата Роми.

Funded by the European Union

## Заклучоци

1. НЕДОСЛЕДНОСТ: трите меѓународни правни режими обезбедуваат регулација на сегрегацијата во училиштата врз основа на расно или етничко потекло. Задачата е да се обезбеди ДОСЛЕДНОСТ на национално ниво, што повикува на носење законска регулатива и алтернативна арбитража или одлучување.
2. Ова најдобро може да се направи пред пристапувањето во ЕУ, затоа што законската регулатива против дискриминација е услов за пристапување.
3. Во националните дебати, најголем предизвик е слободниот избор на училиште. Тоа не е апсолутно регулирано во меѓународното право за човекови права. Мнозинството имаат должност да обезбедат инклузивно образование, како што е примерот со правото за лицата со попреченост.
4. Во контекст на препораките на Советот на Европа, забраната за сегрегација треба да се предвиди во националната законска регулатива за дискриминација и/или образование. Во случај на забрана на сегрегацијата во националното законодавство, согласно клаузулата за недискриминација, постојните форми на дискриминација треба да се толкуваат во согласност со судската пракса на Европскиот суд за човекови права, којашто не наоѓа оправдување за физичко одвојување на децата Роми.

Funded by the European Union




## Дискусија

Ашмет Елезовски од Здружението Национален ромски центар наведе дека има застој во исполнувањето на препораките во врска со инклузивното образование. Според него треба да се следи не концепцијата, туку прирачникот за образование кој го има изработено НРЦ заедно со министерството за образование. Тој исто така наведе дека треба да се води сметка за миграцијата и нејзиното влијание.

Јасна Ерцеговиќ рече дека не треба да се поставува знак равенство помеѓу Ромите и лицата со попреченост. Таа нагласи дека недостигаат механизми за справување со родителите кои не ги вклучуваат своите деца во обвразованието. Според неа, ова треба да бидат многу конкретно дефинирани мерки на присила.

Благица Димитровска од Здружението Инклузива вели дека инклузивноста знае да се третира како привилегија. Таа спомена дека не се зборува доволно за сегрегацијата внатре во училиштата и дека ова зема длабоки корени. На пример, образовните асистенти се повеќе препознаени како учители/ки наместо самите учители/ки. Недостига промоција на КПЛП.

Лила Фаркаш се надоврза на Благица Димитровска нагласувајќи дека треба да се адресира различниот статус на родителите и неговото влијание врз децата, како и дека фокусот треба да биде на обезмоќените родители, во смисол на знаење и на ресурси.

Билјана Котевска нагласи дека е важно за целите на денешниот настан повеќе да се размислува за аспектите на еднаквост и недискриминација во врска со инклузивното образование, затоа што тука му пристапуваме и од аспект на тоа што може да се иницира и спроведе како дел од надлежностите на КСЗД, а не како прашање на целовита образовна политика.

Боре Пуцоски од УНИЦЕф се надоврза на сегрегацијата, издвојувајќи дека треба да се користи дефиницијата како што е предвидена во членот 25 од КПД, како и да се почитуваат обврските според КПЛП.

Зекир Абдулов од КСЗД нагласи дека мора да се прави разлика попреченост и Роми. Според податоците на чие собирање работел во 2020 година, 40% Роми учат во сегрегирани училишта. Секоја година бројот на ученици/чки опаѓа за 6%.

Мабера Камбери нагласи дека многу е направено низ годините за интеграцијата на Ромите, наведувајќи примери за истото. Но, таа нагласи дека мора да се продолжи да се вложува во истата. Тука го наведе и нивото на претшколско образование.

Комисијата во фокус: Инклузивното образование во работата на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација

**Севги Идриз,** раководителка на Одделение за спречување на дискриминација и промоција на принцип на еднаквост, Комисија за спречување и заштита од дискриминација

## Севги Идриз

Согласно надлежностите кои произлегуваат од Законот за спречување и заштита од дискриминација, КСЗД има преземено неколку активности во насока на инклузивно образование.

Една од тие активности е изработка на квиз за ученици во основно образование. Квизот е изработен во рамки на проектот „Борба против дискриминација преку поддршка на КСЗД", финансиран од Владата на Обединетото Кралство, со поддршка на Британската амбасада во Република Северна Македонија, и истиот е наменет за учениците од 1-во до 5-то и за учениците од 6-то до 9-то одделение со наслов „улица Еднаквост број 100 – место каде што живее еднаквоста".

Во рамките на квизот претставени се повеќе ситуации при различни заеднички активности на учениците, во кои има примери на несоодветно постапување, исклучување, вознемирување и дискриминација. По разгледување на содржините учениците имаа можност да одговараат на прашања врз основа на содржините што ги гледале на видеото. Доколку учениците успешно го решат квизот имаа можност за доделување на сертификат за успешно завршен тренинг и за придонес кон борбата против дискриминација во нашето општество.

Преку заедничка соработка со МОН, линкот до квизот е испратен до сите основни училишта во рамки на државата, со насоки истиот да биде доставен до сите ученици.

На овој начин, сметаме дека учениците имаа можност да научат што е дискриминација, како не треба да се однесуваат во одредени ситуации и кон одредени соученици.

Понатаму, КСЗД даде свое мислење до Собранието на Република Северна Македонија во врска со предлог Законот за средно образование. Во мислењето, апелиравме овој Закон да биде што побргу донесен, со цел инклузивните практики кои се воведени во основното образование, да бидат преточени и во Законот за средно образование, за да учениците со посебни образовни потреби добијат соодветната поддршка во рамките на средните училишта. Сметаме дека ништо не би постигнале ако само го зголемиме како држава уписот

на деца со посебни образовни потреби во основното образование и тоа да застане само на основно образование, поради недостапноста и непристапноста на средното образование за овие ученици.

Дел од препораките кои што ги дадовме а се однесуваат на ИО, е додавање на нов став кој се однесува на целта на индивидуалниот образовен план и модифицираната програма со појаснување дека тие( ИОП и модифицираната програма) треба да исполнат исти или слични резултати како и редовните наставни програми, а ученикот да се стекне со исти или споредливи знаења и вештини како и останатите ученици но прилагодени на неговите интелектуални капацитети, интереси и афинитети.

Понатаму дадовме препорака во училишниот тим наместо да учествуваат двајца наставници од кои еден е избран од страна на наставниците и еден од учениците како нивни претставници, во тимот да има еден наставник избран од наставниците и еден ученик избран од учениците кои ќе ги претставуваат во училишниот инклузивен тим.

Во однос на поддршка на учениците со попреченост, предложивме бесплатен прилагоден превоз за ученикот и неговиот придружник.

Предложивме и доколку на ниво на општина нема средно училиште со ресурсен центар, училиштето да формира центар за поддршка на учењето.

Сметаме дека образованието е клучен чекор за инклузивни можности за вработување и за целосно учество на лицата со попреченост во нивните заедници во текот на нивниот живот.

Понатаму, покренавме постапка за заштита од дискриминација по службена должност во врска со информациите добиени од медиуми кои содржеа индиции за сегрегација на ученичка со Даунов синдром. Станува збор за бојкотирање на наставата врз основ на потпишана Петиција од група на родители на соученици на ученичката со Даунов синдром во која бараа отстранување на девојчето од редовната настава.

Утврдивме дека ученичката била дислоцирана во посебна просторија само со образовната асистентка, која што не е носителка на образовниот процес, што е спротивно на принципите на Концепцијата за инклузивно образование и претставува одземање на загарантираното право на образование на ученичката со посебни образовни потреби.

Понатаму утврдивме дека иако ученичката веќе три години била запишана во тоа училиште, училиштето се уште не обезбедило приспособување на инфраструктурата во смисла на обезбедување на ресурсно-сензорона просторија и асистивна технологија соодветна за посебните образовни потреби на ученичката.

Во овој предмет КСЗД утврди:

- сегрегација и исклучување - заради физичкото одделување на детето од останатите ученици во посебна просторија, во изолација од учениците без попреченост, по основ на нејзини посебни образовни потреби;

- директна продолжена дискриминација - заради неприспособувањето на училишната инфраструктура, во смисла на обезбедување на ресурсно-сензорна просторија, опремена со соодветна асистивна технологија; и
- повикување и поттикнување и инструкција за дискриминација - извршена од страна на единаесет родители на соученици на дискриминираната, со потпишување на петиција за отстранување на ученичката од редовна настава и вршење бојкот на наставата.

Во мислењето КСЗД даде препораки за отстранување на дискриминацијата и во законски предвидениот рок беше известена дека дискриминаторот постапил по нашите препораки.

Овој предмет сам по себе покажува системски проблеми кои што ги имаме со инклузивното образование, физичко одделување, вознемирување, немање на соодветни наставни материјали.

Се соочуваме и со други предизвици кои што се однесуваат на ИО, тука е примерот со ромската заедница кои што за жал и покрај многуте програми и стратегии што се донесени во насока на подобрување и унапредување на образованието на децата Роми, сеуште се соочуваме со проблеми во делот на нивната редовност, осип, постигнати резултати и сегрегација.

Сегрегацијата на децата Роми во образованието е сеприсутен проблем за кој имаме утврдено дискриминација по претставки во повеќе случаи во основните училишта. Согласно меѓународните извештаи и согласно нашите согледувања од терен, сегрегацијата на ромските деца во основните училишта е присутна во повеќе општини(Битола, Штип и Прилеп.), и од тие причини донесовме Општа препорака за надминување на овој проблем.

Една од тие претставки е и предмет на пресудата на Европскиот суд за човекови права во случајот Елмазова и други против Северна Македонија. Активно сме вклучени во однос на спроведување на пресудата. МОН има изготвено предлог измени и дополнување на Законот за основно образование во однос на спроведувањето на пресудата Елмазова и др против СРМ. Но, КСЗД не се согласува со истите затоа што сметаме дека така нема да се намали сегрегацијата. И до МОН доставивме мислење со Препораки за клучните одредби кои треба да бидат дел од Законот за основното образование со цел спречување и заштита на дискриминацијата чија форма е сегрегација.

Спроведувањето на оваа пресуда, според КСЗД, е значајна можност за конечно надминување на сегрегацијата во образованието и креирање на основа за превенираме на проблемот во иднина.

<u>Панел дискусија: Инклузивното образование во домашното право и практика низ призма на еднаквоста и недискриминацијата</u>

| | |
|---|---|
| Панелистки и панелисти: | **Мабера Камбери,** раководителка на сектор за координација и техничка помош на министерот, Министерство за труд и социјална политика |
| | **Елена Кочоска,** експертка за еднаквост и недискриминација во образованието на основ на попреченост |
| | **Дана Бишкоска,** раководителка на сектор за Европска унија, Министерство за образование и наука |
| | **Арабела Иљаз,** виша соработничка за унапредување на образованието на ромски јазик, Министерство за образование и наука |
| | **Огнен Спасовски,** експерт по инклузивно образование |
| Модераторка: | **Севги Идриз,** раководителка на Одделение за спречување на дискриминација и промоција на принцип на еднаквост, Комисија за спречување и заштита од дискриминација |

## Мабера Камбери

Мабера Камбери даде свој осврт на постигнувањата и предизвиците во врска со инклузивното образование врз база на нејзиното искуство со координирање на активностите во врска со стратегијата за Роми, но и како членка на работната група на Советот на Европа која работеше на препораката 2024/1 на Комитетот на министри на Советот на Европа за жени и девојчиња Ромки. Камбери ги појасни клучните аспекти кои треба да се запазат кога зборуваме за инклузивно образование во претшколското образование со фокус на инклузивноста и етничката припадност, особено во врска со децата Роми.

Таа дополни дека образованието на Ромките е дел и од приоритетните области во Националниот акциски план за заштита, промоција и исполнување на човековите права на жените и девојчињата Ромки 2022-2024. Соопшти дека во соработка со проектот „ЕУ за владеење на правото“ во тек е изработка на оперативен план за спроведувањето на овој НАП за 2024 година. НАП-от вклучува активности во врска со образованието на жените и девојчињата Ромки.

Дополнително, во соработка со Советот на Европа, беше преведена препораката CM-Rec 2024/1 на Комитетот на министри на Советот на Европа за жени и девојчиња Ромки. Таа содржи бројни препораки во врска со областа образование, како претшколското така и други степени на образование. Министерството планира да ја популаризира повеќе оваа препорака како и да ја следи во својата работа.

## Елена Кочоска

Елена Кочоска даде појаснување на клучните аспекти кои треба да се запазат кога зборуваме за инклузивно образование низ призма на попреченоста како и нејзините интерсекциски перспективи, но и ги потенцираше најголемите тековни предизвици во врска со истото. Овде ја вклучуваме интегрално нејзината презентација.



## ПРИНЦИПИ - КПЛП




**Согласно со член 24 (1), државите мора да го обезбедат остварувањето на правото на образование на лицата со попреченост преку систем за инклузивно образование на сите нивоа, и тоа за сите ученици, вклучувајќи ги и лицата со попреченост, без дискриминација и на еднаква основа со другите.**

**Обезбедувањето на правото на инклузивно образование подразбира трансформација во културата, политиката и практиката во сите формални и неформални образовни средини**

**А) Основно човеково право на сите ученици. Имено, образованието е право на поединечниот ученик, а не, во случај на децата, право на родителот или старателот. Родителските одговорности во овој поглед се подредени на правата на детето;**

**(б) Принцип кој ја вреднува благосостојбата на сите ученици, го почитува нивното вродено достоинство и автономија и ги признава барањата на поединците и нивната способност ефективно да се вклучат и да придонесат за општеството;**

**(в) Средство за остварување на другите човекови права. Тоа е примарно средство со кое лицата со попреченост можат да се извлечат од сиромаштија, да се стекнат со начин за целосно учество во своите заедници и да бидат заштитени од експлоатација. Исто така, тоа е и основен начин за создавање инклузивни општества;**

**(г) Резултат од процесот на континуирана и проактивна заложба за елиминирање на бариерите што го попречуваат правото на образование, заедно со промените во општествените системи културата, политиката и практиката на редовните училишта за да се исполнат потребите и ефективно да се вклучат сите ученици.**

## ЗОО и Концепција

**<u>Инфраструктурата, индивудуализираната поддршка, наставниот план и програма во основното образование, се разумно прилагодени според индивидуалните потреби на ученикот</u>**. (6) Разумно прилагодување од ставот (5) на овој член, претставува изменување и приспособување на условите за воспитание и образование во одреден случај, што не предизвикува несразмерно или непотребно оптоварување на училиштето, а е со цел обезбедување на уживањето или остварувањето на сите човекови права и слободи на учениците со попреченост на еднаква основа со другите. (7) Пристапност до инфраструктурата и услугите подразбира преземање мерки кои осигуруваат дека учениците со попреченост имаат пристап, на еднаква основа со другите, до физичкото опкружување, транспортот, информациите и комуникацијата, вклучувајќи информатички и комуникациски технологии и системи во основното училиште.

Право на бесплатен превоз Член 73 (1) Ученикот има право на организиран или бесплатен превоз ако местото на живеење е оддалечено најмалку два километри од најблиското основно училиште. (2) Учениците со попреченост и лицата за нивна придружба имаат право на бесплатен пристапен превоз без оглед на оддалеченоста и пристапноста на нивното место на живеење до основното училиште.

**Афирмативни мерки (член 6) се:**

- **неприменувањето на одредбата за реонизација при запишувањето на ученици со попреченост,**
- **ослободување од плаќање на трошоците за признавање и еквиваленција на свидетелства стекнати во странство,**
- **бесплатен превоз за учениците со попреченост,**
- **образовни медијатори паричен надоместок за освоено прво место на државен натпревар,**
- **стимулирање за учество и паричен надоместок за освоена награда/медал на меѓународен натпревар.**

Употреба на јазиците во образованието Член 10 (2) За учениците на припадниците на заедниците кои следат настава на јазик различен од македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, воспитно-образовната работа се изведува на јазикот и писмото на соодветната заедница.

## КОМУ

Деца на државјаните кои престојуваат во странство (12)

Деца со странско државјанство или деца без државјанство (13)

Деца кои не биле вклучени во настава (14)

Талентирани и надарени ученици

Ученици со посебни образовни потреби (35) се:

- ученици со попреченост се оние кои имаат долготрајни физички, ментални, интелектуални или сетилни оштетувања, кои во интеракција со различните општествени бариери може да го попречат нивното целосно и ефективно учество во општеството на еднаква основа со другите,
- ученици со нарушување во однесувањето или емоционални проблеми или со специфични тешкотии во учењето и
- ученици кои потекнуваат од неповолни социо-економски, културни, и/или јазични деприивирани средини.

## ШТО

Образовни медијатори Член 37 (1) За учениците Роми кои потекнуваат од социјално загрозени семејства и/или се подолго време надвор од образовниот систем, може да се ангажираат образовни медијатори.

ОА и ПАС, по препорака на НКФП вклучително и за соодветно приспособување и опрема

Ако родителот, односно старателот не се согласува со поведување постапка за проценка, а таквата одлука е штетна за детето, на иницијатива на поединец или институција, тогаш Центарот за социјална работа по службена должност ја поведува постапката со цел најдобриот интерес за детето.

## Дневни Центри

- 33 раководени од Државни институции
- 15 ДЦ раководени преку лиценцирани даватели на услуги

## Институции

- 97 корисници во институции (ЈУДК и ЈУББ)
- 187 преселени во групни домови и станбени единици

| | Население | Население со попреченост 20 % | Население на возраст 0 - 14 | Население со попреченост од 0 - 14 го 20 % |
|---|---|---|---|---|
| | 2021 | | 2021 | |
| вкупно | 1,836,713.00 | 367,342.60 | 311,347.00 | 62,269.40 |
| жени | 925,626.00 | 185,125.20 | 150,600.00 | 30,120.00 |
| мажи | 911,087.00 | 182,217.40 | 160,747.00 | 32,149.40 |

**Ученици на кои им е обезбеден превоз до редовните и специјални основни училишта, по одделение, по општина, по учебна година**

| | | 2018/2019 | 2019/2020 | 2020/2021 | 2021/2022 | 2022/2023 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | Вкупно | 17597 | 15867 | 9077 | 14836 | 14392 |
| | I-V одделе | 6493 | 5368 | 3378 | 4729 | 4709 |
| | VI-IX оддел | 11104 | 10499 | 5699 | 10107 | 9683 |
| Ученици во редовните основни училишта | Вкупно | 16961 | 15277 | 8571 | 14383 | 14009 |
| | I-V одделе | 6166 | 5061 | 3109 | 4499 | 4534 |
| | VI-IX оддел | 10795 | 10216 | 5462 | 9884 | 9475 |
| Ученици во специјалните основни училишта | Вкупно | 636 | 590 | 506 | 453 | 383 |
| | I-V одделе | 327 | 307 | 269 | 230 | 175 |
| | VI-IX оддел | 309 | 283 | 237 | 223 | 208 |

| | | 2018/2019 | 2019/2020 | 2020/2021 | 2021/2022 | 2022/2023 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Специјални основни училишта | Училишта | 43 | 43 | 42 | 38 | 35 |
| | Паралелки | 185 | 186 | 181 | 173 | 160 |
| | Ученици-вкупно | 769 | 732 | 706 | 672 | 610 |
| | Ученички | 267 | 260 | 256 | 243 | 215 |
| | Ученици | 502 | 472 | 450 | 429 | 395 |
| | Наставници-вкупно | 266 | 295 | 286 | 249 | 248 |
| | Жени | 220 | 244 | 225 | 191 | 193 |
| | Мажи | 46 | 51 | 61 | 58 | 55 |

| | 2022/2023 | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | 5 години | 6 години | 7 години | 8 години | 9 години | 10 години | 11 години | 12 години | 13 години | 14 години | 15 години | 16 години | 17 и повеќе години |
| Вкупно | 610 | 1 | 20 | 37 | 39 | 49 | 53 | 62 | 66 | 89 | 90 | 52 | 26 | 26 |
| Ученички | 215 | 1 | 6 | 11 | 15 | 20 | 18 | 23 | 25 | 37 | 29 | 10 | 10 | 10 |
| Ученици | 395 | - | 14 | 26 | 24 | 29 | 35 | 39 | 41 | 52 | 61 | 42 | 16 | 16 |

**Неуспехот да се разбере или да се примени моделот на попреченост заснован врз на човековите права**

**ОНЕЗВОМОЖЕНОСТА СЕ ПОИМА ЕДНОДИМЕНЗИОНАЛНО**

**Исклученост на лицата со попреченост кои сè уште живеат во резиденцијални институции и групни домови, станбени единици**

**Недостиг на расчленети податоци и истражувања (обете неопходни за отчетност и развивање програми), а што ја попречува изработката на ефективни политики и интервенции за промовирање инклузивно и квалитетно образование;**

**Исклученост и комплетно отсуство на учениците и лицата со попреченост од сите процеси ;**

**Неуспехот да се разбере и примени правото на соодветно приспособување и проблем со негово поистоветување со пристапноста**

**Неуспехот да се разбере и примени интерсекциската природа на оневозможеноста низ сите акции**

**Неразборање на концептот за ПАС и ОА**

**Несоодветни и недоволно добри механизми на финансирање поради непримена на буџетирање по основ на оневозможеност недостаток на меѓуминистерска координација, поддршка и одржливост;**

**Исклученост и комплетно отсуство на учениците и лицата со попреченост од сите процеси ;**

**Немање правни лекови и механизми за решавање на повреденото право.**

**Формирање на дневни центри како изговор за вклучување на заедницата со попреченост во обрзовните процеси;**

**Комисии во чии состави треба задолжително да бидат вклучени лицата со попреченост;**

НЕПРСТАПНИ ОБРАЗОВНИ СРЕДИНИ

ДНЕВНИ ЦЕНТРИ

Категоризација и поделба на учениците по дијагнози

Поделена персонализирана Поддршка

Не вклучување на прашањето на попреченост во сите фази и форми на образование за сите деца, каде основот на попреченост ќе биде задолжителен *( талентирани со и без попреченсот, Модератори за роми со и без попреченост итн )



Пристап на „целосни системи“

„Целосна образовна средина“

Пристап на „целосна личност“

Почитување и ценење на различноста

Учество и застапеност

соодветна, континуирана и персонализирана поддршка

Промена на наративи и именувања на заедницата со попреченост

да се изменат или укинат постоечките закони, прописи, обичаи и практики кои претставуваат дискриминација на лицата со попреченост и кои го прекршуваат членот 24

## Дана Бишкоска

Дана Бишкоска даде појаснување на клучните аспекти кои треба да се запазат кога зборуваме за инклузивно образование во средното образование, особено со фокус на најгорливите тековни предизвици и можни решенија. Таа ја нагласи потребата за фокусирање на разновидноста и одговарање на истата. Во практиката се соочиле со предизвици од прилагодувања во училниците, наставните планови, задачи, како и обезбедување на поддршка. Образовните асистенти остануваат предизвик, вклучително и од аспект на покриеност. Образованието за возрасни останува предизвик, заедно со информирање на пошироката јавност за можностите кои се нудат. Ја вклучуваме интегрално нејзината презентација.

# ИНКЛУЗИВНО ОБРАЗОВАНИЕ - „ОБРАЗОВАНИЕ ЗА СИТЕ“

Образованието - фундаментално човеково право, загарантирано со Устав и меѓународните конвенции кои ги ратификувала  нашата држава и сме се обврзале да ги почитуваме.

- Декларација за човекови права на ОН
- Конвенција за правата на детето (КПД)
- Конвенција за правата на лицата со попреченост на ОН (ОН КПЛП)
- Цел за одржлив развој (ЦОР) 4 – Да се обезбеди инклузивно и квалитетно образование за сите и да се промовира доживотното учење

Образованието е пристапно и достапно за сите преку обезбедување услови за непречено следење на наставата и стекнување знаења и вештини за сите ученици

Инклузивното образование е процес кој ги зема предвид различните индивидуални потреби за развој на учениците, давајќи еднакви можности за остварување на основните човекови права за развој и квалитетно образование, ги вклучува промените и прилагодувања на наставната содржина, пристапот, структурите и стратегиите.

**Систем на поддршка во инклузивното образование**

- Мерки достапни во училницата за **сите ученици,**
- Адаптации:
  - во секојдневната настава,
  - во задачите што им се задаваат на учениците,
  - во поддршката што им се дава поединечно или во мали групи.

**Образовна асистенција**

- Полесен пристап и постигнување на потребните резултатите од учењето.
- Од 2019 години во основното образование.
- Во средното образование со донесување на Законот за средно образование и Законот за средно стручно образование.

**Маргинализирани групи кои не го комплетирале своето основно и средно образование**

- Концепција за основно образовани на возрасните,
- Концепција за средно образование на возрасните и
- Развоен концепт за Регионални центри за СОО.
- Нов Закон за образовани на возрасните.

- Информирање на пошироката јавност за правата и можностите кои ги нудиме како министерство.
- Вклучувањето на сите институции, граѓанскиот сектор, општините, бизнис секторот треба да е континуирано, да се одвива системски, а не стихијно.

Ви благодарам на вниманието

## Арабела Иљаз

Арабела Иљаз ги појасни клучните аспекти кои треба да се запазат кога зборуваме за инклузивно образование и етничката припадност, особено во врска со образованието и Ромите. Таа екстензивно се задржа на искуствата и предизвиците во врска со мерките за поддршка на реализацијата на правото на образование преку мерки како на пример преку програми за стипендирање.

Иљаз го истакна проблемот со стереотипизирањето од страна на наставниот кадар, но уште повеќе – од страна на родителите, кои пак го пренесуваат на децата. Оттука, таа смета дека клучен чекор, односно промена која треба да се направи, е проектите за инклузија да ги таргетираат не-Ромите, како би можело да се работи на ваквото стереотипизирање и предрасуди кај нив кои се една од главните препреки за инклузивно образование.

## Огнен Спасовски

Огнен Спасовски се задржа на клучните аспекти кои треба да се запазат кога зборуваме за инклузивно образование во врска со програмите за возрасни, прилагодените програми, но и потенцирање на најголемите тековни предизвици во врска со истото. Тој зборуваше

екстензивно за потребата од градење на инклузивна култура како и на усвојување на холистички пристап за овој процес.

Спасовски се користеше со пристапот кон инклузивно образование предложен од Саламанка, според кој истото значи давање на поддршка на сите за да ги развијат своите потенцијали. Оттука, за Спасовски клучно прашање е „како системот одговара на потребите на оние кои учат за да се постигне оваа цел?“. Тој го отвори прашањето за тоа каков е пристапот до квалитетно образование, и дали е еднаков и недискриминирачки.

Потоа, тој се фокусираше на две главни теми. Првата е прилагодување на програмите за сите лица со посебни образовни потреби. Според него, кај нас инклузивните тимови се фоксуираат на посебните образовни потреби само на лицата со попреченост, иако посебни образовни потреби може да имаат и други лица. Дополнително досегашната практика е дека прилагодувањето вообичаено се разбира и се практикува како намалување на стандардите во врска со знаењето кое се предава и кое се очекува од ученичките и учениците. Втората тема е образованието и програмите за образование за возрасните. Тој ги издвои предизвиците со конципирањето на програмите, валидацијата на вештините и компетенциите стекнати преку истите.

Според него, има неколку главни предизвици за инклузивното образование. Прво, образование кое би било со еднаквост и без дискриминација на сите нивоа. Во моментов, пристап до претшколско образование немаат сите. Во основно образование има големи разлики во урбаните и руралните средини, а остануваат и предизвиците во врска со работата во смени и прилагодувањата во зависност од средината. Во средно образование, главниот предизвик е со стручните училишта, но и генерално со тоа колку се сите средни училишта инклузивни, а колку претставуваат сегрегирани средини. Во врска со ова, предизвици остануваат образовните асистенти (за кои има нотирана контроверзна имплементација) и валидацијата во контекст на целоживотното учење.

Сепак, Спасовски заклучи, главен, суштински, предизвик, останува градењето на инклузивна култура во образованието почнувајќи од ниво на клас, па училиште и заедница.

## Дискусија

Во рамки на дискусијата прва за збор се јави Благица Димитровска од Здружението Инклузива. Според неа, проблемот со прифаќањето на лицата со попреченост во образованието и поддршката за нивното образование не доаѓа од семејствата, туку од надвор. Оттука доаѓа изворот на сегрегацијата и неприфаќање. Дополнително, таа се прашува и дали и како се прави исклучување на Ромите од образованието и што се прави за да се промени свеста на луѓето во врска со ова исклучување. Ја начна туторската поддршка, и потребата од истата, како и имањето на стручни едукатори и рехабилитатори. Наведе дека

треба да се види што може да се научи подлабински од искуствата на работата на образовните медијатори.

Потоа, Маргарита Гулевска од Здружението Отворете ги прозорците изрази фрустрација од тоа што со години се разговара на истите теми а е направен недоволен напредок. Таа се прашува што сме постигнале ако не можеме да ги видиме резултатите денес на нешто што е работено пред само десет години. Смета дека многу од активностите се поврзани со проекти кои потоа не се одржливи со што се гасат и можностите за потрајни резултати. Користење на асистивната технологија со која се опремени дел од училиштата е исклучок, а не правило. Нивното здружение поддржало правење на сензорни соби, но дека истите се врзуваат со терапевтски активности на кои не им е местото во училиштето. Но, според неа, не само што политиките на терен не функционираат, туку и истите се донесуваат со мала партиципативност од страна на самите деца. Оттука, клучно е да застанеме и да се запрашаме „во која насока одиме и што треба да смениме?“, заклучи Гулевска.

Драгана Дрндаревска од КСЗД сподели дека, врз основа на нејзиното искуство пред да се приклучи на КСЗД, клучни проблеми се недостиг на капацитети и на ресурси. Но, според неа, недостатоците во овој смисол не смее да се искористат како аргумент за враќање на децата во специјални паралелки. Таа смета дека државата мора да се соочи и уште поважно справи со фактот  дека постои наставен кадар кој отворено се залага за сегрегација. Дрндаревска повика дека сега е клучен момент за одлучност за одење напред, а не за да се оди назад.

Огнен Спасовски нагласи неколку проблеми кои ги гледа од практиката. Прво,  дека сензорните соби се користат за исклучување на децата кои ги користат. Второ, дека често се заборава или се меша дека специјалните едукатори се за децата, кога всушност тие се тука за наставниот кадар. Трето, дискусиите често се водат во рамки на ограничени средини, на „меури“, а кога се вадат од таму се има сколоност да се сензационализираат темите и да се користи популистички говор. Четврто, политиките ретко ги земаат предвид достапните докази и податоци, со што не може да стане збор за имање на политики базирани на експертиза, а не на популизам. Петто, тој се согласи до Дрндаревска дека не треба да се враќаме назад, при што особено смета дека ова е важно како порака за родителите.

Елена Кочоска го наведе и проблемот со образованието во групните домови, како и фактот што децата од овие групни домови немаат образование. „Ниту еден нема образование.“ – заклучи Кочоска.

Родова перспектива на инклузивното образование: Компаративни европски стандарди и искуства

Говорничка: Јустина Јонеску, меѓународна експертка за родова перспектива на инклузивното образование и еднаквоста и недискриминацијата во европските искуства

Модераторка: Билјана Котевска, експертка за родова еднаквост, Проект „Поддршка на ЕУ за владеење на правото

## Јустина Јонеску

Јустина Јоневску се фокусираше на родот и родово-сензитивното образование во литигацијата, односно на искуствата со носење случаи до судовите во врска со родот и родово-сензитивното образование во земјите членки на ЕУ, презентирајќи клучни стандарди и аргументи во одбрана на истите. Таа презентираше случај на успешна правна мобилизација и литигација од Романија, како и научените лекции за во иднина за други контексти, како што е македонскиот. Во продолжение ја вклучуваме интегрално нејзината презентација.



EU SUPPORT FOR RULE OF LAW
www.rolaw.mk
LUDWIG BOLTZMANN INSTITUTE Fundamental and Human Rights
REPUBLIC OF SLOVENIA MINISTRY OF THE INTERIOR
REPUBLIC OF CROATIA Ministry of Justice and Public Administration
CILC Center for International Legal Cooperation

## ЗАКОН СО КОЈ СЕ ЗАБРАНУВА РОДОТ И РОДОВИОТ ИДЕНТИТЕТ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО ВО РОМАНИЈА (L87/2020 / PL-X 617/2019)

*“Чл.7 (1) Во сите образовни субјекти и установи и сите простори кои се определени за образование и стручно оспособување, вклучително и субјектите кои вршат воннаставно образование, строго се забрануваат:*

*е) активности насочени кон ширење на теорија или мислење за родов идентитет, сфатени како теорија или мислење дека родот е концепт кој е различен од биолошкиот пол и дека двата не се секогаш исти;”*

Funded by the European Union

EU with YOU

EU SUPPORT FOR RULE OF LAW
www.rolaw.mk
LUDWIG BOLTZMANN INSTITUTE Fundamental and Human Rights
REPUBLIC OF SLOVENIA MINISTRY OF THE INTERIOR
REPUBLIC OF CROATIA Ministry of Justice and Public Administration
CILC Center for International Legal Cooperation

## ПРОТЕСТ ПРЕД ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО


















Funded by the European Union

EU with YOU

EU SUPPORT FOR RULE OF LAW
www.rolaw.mk
LUDWIG BOLTZMANN INSTITUTE Fundamental and Human Rights
REPUBLIC OF SLOVENIA MINISTRY OF THE INTERIOR
REPUBLIC OF CROATIA Ministry of Justice and Public Administration
CILC Center for International Legal Cooperation

## *Amici* до романскиот Уставен суд

| Против законот | За законот |
| --- | --- |
| • 20 правни експерти/ки во полето на родовата еднаквост и недискриминација, Европска мрежа за законодавство за еднаквост<br>• 819 членови/ки на академските кругови и истражувачи/ки од целиот свет<br>• 40 НВОи од Романија координирани од ACCEPT и Коалицијата за родова еднаквост<br>• ILGA -Europe, Transgender Europe, AIRE Centre, FIDH, CRR, ACCEPT<br>• Студентски асоцијации координирани од Европската асоцијација на студенти по право Букурешт<br>• Писмо на специјалните известувачи на ОН | • Сојуз на семејства од Романија и Pro-Vita Асоцијација за родени и нероденi – подружница Букурешт<br>• Асоцијација на католички доктори од Букурешт<br>• Сојуз на родители<br>• Асоцијација Femina Europe |

EU SUPPORT FOR RULE OF LAW
www.rolaw.mk
LUDWIG BOLTZMANN INSTITUTE Fundamental and Human Rights
REPUBLIC OF SLOVENIA MINISTRY OF THE INTERIOR
REPUBLIC OF CROATIA Ministry of Justice and Public Administration
CILC Center for International Legal Cooperation

## ПРАВНИ АРГУМЕНТИ ЗА ЕДНАКВОСТ

- Обврската за почитување на човековите права, исто така, бара обезбедување еднаквост пред законот, еднаква заштита пред законот и недискриминација, фактички и законски, за сите луѓе во Романија, без оглед на родот, родовото изразување, родов идентитет или пол, и во сферата на јавниот живот и во сферата на приватниот живот.
- Ефективното признавање на родовиот идентитет на едно лице е поврзано со правото на еднакво признавање на лицата пред законот и еднаква заштита од законот.
- Член 5 од КЕСФДЖ предвидува обврска за елиминирање на родовите стереотипи, што подразбира едукација за постоењето на овие стереотипи, што не може да се направи ако не зборуваме за род како различен од биолошкиот пол. Слично на тоа, член 14 од Истанбулската конвенција предвидува пристап во образованието за еднаквост меѓу жените и мажите, за нестереотипните родови улоги и воведување дидактички активности за спречување на родово насилство.
- КЕСФДЖ го идентификуваше фактот дека дискриминацијата на жените врз основа на пол и род е тесно поврзана со други фактори, вклучувајќи го и родовиот идентитет.
- Трансродовите луѓе и луѓето со различни/неконформистички родови идентитети, чиј род може да се разликува од нивниот биолошки пол, и лицата кои ги отфрлаат стереотипите за нивните родови улоги имаат право да развијат свои (родови) идентитети без непропорционално мешање од државата (чл. 8 ЕКЧП). Примената на автономијата претпоставува дека поединците имаат корист од низа валидни опции од кои можат да изберат. Ова не би било можно доколку образованието за тие опции е ограничено.
- Правото на ЕУ и мониторингот на ЕУ се засноваат на разбирањето дека родовата еднаквост значи повеќе од биолошкиот пол и биолошките разлики и ги адресира длабоко вкоренетите стереотипи и нееднаквости меѓу жените и мажите.

Funded by the European Union
EU with YOU

EU SUPPORT FOR RULE OF LAW
www.rolaw.mk
LUDWIG BOLTZMANN INSTITUTE Fundamental and Human Rights
REPUBLIC OF SLOVENIA MINISTRY OF THE INTERIOR
REPUBLIC OF CROATIA Ministry of Justice and Public Administration
CILC Center for International Legal Cooperation

## ПРАВНИ АРГУМЕНТИ ЗА ПРАВОТО НА ОБРАЗОВАНИЕ

- Одлуките во врска со училишната наставна програма, во принцип, се надлежност на државата, таа мора „да се погрижи информациите или знаењата содржани во наставната програма да бидат пренесени на објективен, критички и плуралистички начин." (*Kjeldsen, Busk Madsen и Pedersen против Данска*, бр. 5095/71, 7.12.1976, ¶ 53)
- Ова ќе им овозможи на учениците да развијат критичко размислување за религијата во мирна атмосфера, ослободена од прозелитизирање и/или индоктринација. (*Appel-Irrgang и други против Германија, бр.*45216/09, 6.10.2009, стр.12)
- Државите, исто така, се повикуваат да организираат кампањи за едукација на јавноста и да обучат јавни службеници за борба против стигмата и дискриминаторските ставови, да им обезбедат на жртвите на дискриминација ефективни и соодветни правни лекови и да обезбедат наметнување административна, граѓанска или кривична одговорност на авторите на факти, како што може да се случи. Оваа цел не може да се постигне ако не е возможно да се препознае родов идентитет на една личност или една личност да се идентификува како трансродова во контекст на образовните кампањи.
- Трансродовите ученици ќе бидат дискриминирани, стигматизирани, исклучени и дополнително изложени на малтретирање доколку со законне се принаени, се невидливи или незаконски, што ќе има негативно влијание врз нивниот пристап до образование.

Funded by the European Union
EU with YOU

EU SUPPORT FOR RULE OF LAW
www.rolaw.mk
LUDWIG BOLTZMANN INSTITUTE Fundamental and Human Rights
REPUBLIC OF SLOVENIA MINISTRY OF THE INTERIOR
REPUBLIC OF CROATIA Ministry of Justice and Public Administration
CILC Center for International Legal Cooperation

## ПРАВНИ АРГУМЕНТИ ЗА АВТОНОМИЈА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

- Во законот: Академската слобода е загарантирана со закон. Високообразовните институции се организирани и функционираат независно од какво било идеолошко, политичко или верско мешање.
- Академскиот простор треба да биде отворен простор на дијалог меѓу сите вклучени актери, во кој постои можност за изразување идеи или лични мислења, а не простор на цензура во кој законодавецот диктира за што може да се разговара. Академска теорија се тестира академски (т.е. исчезнува или опстојува во овој режим на анализа, преку академски дебати) - или, невозможно е законот да забрани, односно да ги цензурира академските теории, особено кога овие теории се анализираат интензивно на меѓународно ниво.

Funded by the European Union
EU with YOU

## ПРАВНИ АРГУМЕНТИ ЗА СЛОБОДА НА ИЗРАЗУВАЊЕ И ЗАБРАНА НА ЦЕНЗУРА

- Со воспоставување забрана и со претворање во незаконски дејствија на одредени информации од научна природа кои претставуваат општествена реалност, непосредниот ефект на законот е да ги заплаши оние кои раководат со образовната средина и оние кои предаваат, ставајќи ги во опасност самото демократско општество и неговите вредности.
- Слободата на изразување не се однесува само на информациите или идеите кои се поволно оценети или се сметаат за безопасни или индиферентни, туку и на оние кои се контрадикторни, шокираат или вознемируваат, а што претставува барање на плурализам, толеранција и дух на отвореност во едно демократско општество. (*Delfi против Естонија*, бр. 64569/09, 16.06.2015, ¶131)
- Слободниот пристап до информации според член 10 од ЕКЧП „забранува државата да спречи лице да добива информации што другите сакаат или можат да се согласат да му ги дадат.“ (*Leander против Шведска*, бр. 9248/81, 26.03.1987, ¶74)



EU SUPPORT FOR RULE OF LAW
www.rolaw.mk
LUDWIG BOLTZMANN INSTITUTE Fundamental and Human Rights
REPUBLIC OF SLOVENIA MINISTRY OF THE INTERIOR
REPUBLIC OF CROATIA Ministry of Justice and Public Administration
CILC

## ПРЕСУДА БР. 907 ОД 16 ДЕКЕМВРИ 2020



Funded by the European Union
EU with YOU

EU SUPPORT FOR RULE OF LAW
www.rolaw.mk
LUDWIG BOLTZMANN INSTITUTE Fundamental and Human Rights
REPUBLIC OF SLOVENIA MINISTRY OF THE INTERIOR
REPUBLIC OF CROATIA Ministry of Justice and Public Administration
CILC Center for International Legal Cooperation

## „БИОЛОШКИОТ ПОЛ” И „РОДОВИОТ ИДЕНТИТЕТ” НЕ СЕ СЕКОГАШ ИСТИ

- „Поимот „род“ има пошироко значење од она на „пол“ / „половост“ во строго биолошка смисла, бидејќи вклучува сложени елементи од психосоцијална природа.“
- Анализа на уставната и законодавната рамка што е веќе на сила во Романија, вклучувајќи ја и јуриспруденцијата на Уставниот суд на Романија, ЕКЧП и правото на Европската унија:

  - ги одразува промените со текот на времето во <u>општествените улоги</u> кои им се припишуваат на жените и мажите и <u>отстранувањето на родовите стереотипи</u>, како и <u>признавањето на родовиот идентитет</u> во случајот на трансродовите лица („ситуацијата на транссексуалците”).

Funded by the European Union
EU with YOU

EU SUPPORT FOR RULE OF LAW
www.rolaw.mk
LUDWIG BOLTZMANN INSTITUTE Fundamental and Human Rights
REPUBLIC OF SLOVENIA MINISTRY OF THE INTERIOR
REPUBLIC OF CROATIA Ministry of Justice and Public Administration
CILC Center for International Legal Cooperation

## ПОВРЕДА НА УСТАВОТ

- Еднаквост на граѓаните/ките во контекст на образование и заштита на децата и младите
- Автономија на универзитетот
- Слобода на изразување и забрана на цензура
- Слобода на совеста и човечко достоинство
- Владеење на правото

Funded by the European Union
EU with YOU

EU SUPPORT FOR RULE OF LAW
www.rolaw.mk
LUDWIG BOLTZMANN INSTITUTE Fundamental and Human Rights | REPUBLIC OF SLOVENIA MINISTRY OF THE INTERIOR | REPUBLIC OF CROATIA Ministry of Justice and Public Administration | CILC Center for International Legal Cooperation

## ПОВРЕДА НА ЕДНАКВОСТА ВО ОБРАЗОВАНИЕТО И ЗАШТИТАТА НА ДЕЦАТА И МЛАДИТЕ

- Чл.16.(1) во врска со чл. 32 и 49 од Уставот,
- Обврска да се обезбеди, без никаква дискриминација, можност децата и младите да знаат и проучуваат теории, идеи, концепти во согласност со еволуциите на општеството, без ограничувања за цензурирање на нивната слобода на мисла и изразување.
- „[Свесна претпоставка] за систем на вредности неопходни за исполнување и личен развој“.

Funded by the European Union
EU with YOU

EU SUPPORT FOR RULE OF LAW
www.rolaw.mk
LUDWIG BOLTZMANN INSTITUTE Fundamental and Human Rights | REPUBLIC OF SLOVENIA MINISTRY OF THE INTERIOR | REPUBLIC OF CROATIA Ministry of Justice and Public Administration | CILC Center for International Legal Cooperation

## Повреда на универзитетската автономија

- Чл. 32.(6) од Уставот
- Забрана за изразување и каква било форма на знаење на мислење/теорија очигледно ја исклучува можноста универзитетите да ги ценат и да одлучуваат за студии за/насочени кон родова еднаквост, без оглед на можните случувања на меѓународно и европско ниво, како и односите за соработка својствени за организацијата на универзитетско образование.

Funded by the European Union
EU with YOU

EU SUPPORT FOR RULE OF LAW
www.rolaw.mk
LUDWIG BOLTZMANN INSTITUTE Fundamental and Human Rights | REPUBLIC OF SLOVENIA MINISTRY OF THE INTERIOR | REPUBLIC OF CROATIA Ministry of Justice and Public Administration | CILC Center for International Legal Cooperation

## ПОВРЕДА НА СЛОБОДАТА НА ИЗРАЗУВАЊЕ И ЗАБРАНА НА ЦЕНЗУРА

- Чл. 30.(1) и (2) од Уставот.
- Забранува пристап до знаење и изразување.
- Повреда на академската слобода, вклучително и преку слободата на истражување во смисла на поставување теми, избор на методи, процедури и капитализирање на резултатите, кои не можат да бидат во ниту една од утврдените граници на слободата на изразување.
- „Забраната на слободното изразување за родовата теорија очигледно ја одредува и забраната за каква било истражувачка иницијатива во оваа област, критикуваната норма наметнува, независно од каква било слободна дебата или истражување, догматско, скратено, ограничувачко образование за слободно изразување на наставниците/чките и корисниците/чките на воспитно-образовната дејност, игнорирајќи го нивното право на мислење.“

Funded by the European Union
EU with YOU

EU SUPPORT FOR RULE OF LAW
www.rolaw.mk
LUDWIG BOLTZMANN INSTITUTE Fundamental and Human Rights | REPUBLIC OF SLOVENIA MINISTRY OF THE INTERIOR | REPUBLIC OF CROATIA Ministry of Justice and Public Administration | CILC Center for International Legal Cooperation

## ПОВРЕДА НА СЛОБОДАТА НА СОВЕСТА И ЧОВЕЧКОТО ДОСТОИНСТВО

Чл. 29 од Уставот за слобода на свеста, анализиран во однос на човечкото достоинство (Чл. 1.(3)).

Слободата на совеста е основен принцип во остварувањето на образованието, наведено во чл. 4 од националниот закон за образование бр. 1/2011.

Слободата на совеста е некомпатибилна со:

> „наметнување со закон на „скратено“ знаење за реалноста, како премиса за формирање на концептот на светот наоколу",
>
> „забрана, плански, на секој обид да се знаат какви било други постоечки мислења / теории во врска со истата тема, особено кога таквите мислења / теории се промовираат / поддржуваат од научна и правна гледна точка, означувајќи ги еволуциите на општеството во одреден момент”.

Funded by the European Union
EU with YOU

EU SUPPORT FOR RULE OF LAW
www.rolaw.mk
LUDWIG BOLTZMANN INSTITUTE Fundamental and Human Rights
REPUBLIC OF SLOVENIA MINISTRY OF THE INTERIOR
REPUBLIC OF CROATIA Ministry of Justice and Public Administration
CILC Center for International Legal Cooperation

## ПОВРЕДА НА ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО

- Чл.1.(3), (5) од Уставот, потврдено со чл.20.(2)
- Романското законодавство кое е на сила и европското законодавство веќе ја содржат разликата помеѓу поимите „пол“ и „род“.
- Промовирањето на меѓусебно исклучувачки нормативни решенија веројатно ќе создаде конфузна и контрадикторна нормативна рамка.
- Ваквото нормативно решение се чини „спротивно на правната логика и без било каков разумен мотив“.

Funded by the European Union
EU with YOU

EU SUPPORT FOR RULE OF LAW
www.rolaw.mk
LUDWIG BOLTZMANN INSTITUTE Fundamental and Human Rights
REPUBLIC OF SLOVENIA MINISTRY OF THE INTERIOR
REPUBLIC OF CROATIA Ministry of Justice and Public Administration
CILC Center for International Legal Cooperation

## НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ

- Важноста на солидарноста
- Покажување широк интерес за одлуките на судот, од стручни лица од различни области
- Обезбедување правни аргументи од опсежни анализи, резимеа од судската пракса, социолошки аргументи итн.
- Се покажува дека ова прашање не е проблем на мала група луѓе, туку се однесува на сите нас

Funded by the European Union
EU with YOU

## Дискусија

Наташа Бошкова и Драгана Дрндаревска се фокусираа на солидарноста како клучна научена лекција од презентацијата, но и на предизвикот како да се изведе ваква акција во контексти каде солидарноста изостанува. Фактот што Романија е земја членка на ЕУ беше исто така нагласен.

Јустина Јонеску се согласи дека има дел од улогата и тоа што Романија била земја членка на ЕУ, но дека голем дел од солидарноста дојде од други места, надвор од ЕУ. На пример, листата на академици е од целиот свет. Билјана Котевска дополни дека *amicus curiae* кој беше доставен до Уставниот суд на Романија од Европската мрежа на правни експерти/ки, во кој учествувала и таа, вклучи поддршка и потписи и од експертки/ти кои не се од земји членки на Европската унија. Оттука, треба да се разгледуваат пошироко опциите за градење на солидарност, како и да се планира и работи за на долги стази.

За крај, Јонеску нагласи дека солидарноста беше градена со години, така што сега само беа искористени веќе изградените врски и односи. Таа уште еднаш нагласи дека е потребно да се работи за да поширок круг на чинители видат дека ваквите напади не се напад само врз конкретна група, една група, или едно прашање, туку дека истите, ако не се спречат, ќе имаат многу пошироки и по далекусежни последици.

Комисијата во фокус: Родово-сензитивното образование во работата на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација

**Драгана Дрндаревска,** членка на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација

**Ана Угрова,** помлада соработничка за подготовка на акти од областа на спречување и заштита од дискриминација, Комисија за спречување и заштита од дискриминација

## Драгана Дрндаревска

На родово-сензитивното образование гледаме како дел од инклузивното образование, и истото се однесува на сите ученици без разлика на родот. Родово-сензитивното образование значи освестеност за родовите нееднаквости и промоција на родовата еднаквост преку содржините, вештините, образованата инфраструктура, но и политики, практики и вештини за справување со родово засновано насилство, вклучително и насилство во образованието засновано на сексуална ориентација и родов идентитет. Во оваа област се направија значајни чекори со Законот за основно образование, новата концепција за основно образование, сеопфатното сексуално образование и Упатството за заштита на ученик жртва од сите форми на насилство, злоупотреба и занемарување. Исто така согласно Стандардите за професионално однесување на наставниците во основните и средните училишта наставниците треба да манифестираат родова сензитивност и родова рамноправност во односите со учениците.

Зошто ни е потребно ова? Родовите нееднаквости и родовите предрасуди не претставуваат изолирани инциденти, тоа се норми кои го обликуваат начинот на комуникација помеѓу сите вклучени во образование, одредуваат строго дефинирани ригидни патокази и правила кои учениците зависно од родот треба да ги следат, со што се ограничува нивниот потенцијал, се воспоставуваат нееднакви правила на однесување, двојни стандарди, наметнуваат вкалапување кое ако не се почитува следат општествени санкции, а ако се почитува се оневозможува децата да ги развиваат нивните автентични интереси. Како резултат на строгата родова социјализација се продлабочуваат родовите нееднаквости, се стимулира родово-заснованото насилство, сексуалното насилство, се оддалечуваат младите од системите за поддршка и така натаму. Родовите нееднаквости подеднакво ги засегаат и момчињата и девојчињата и ЛГБТИ младите, иако на различен начин влијаат на нив.

Булингот во образованието во најголем број случаи е родово-заснован, без разлика на родот и родовиот идентитет на ученикот жртва. Следиме дека училиштата во најголем дел немаат капацитети, не ги препознаваат родово-заснованите нееднаквости, немаат вештини булингот да го врамат и како проблем поврзн со дискриминација, предрасуди и

нееднаквост, со што не можат да влијаат на неговиот корен. Податоците од истражувањата ни говорат на ЛГБТИ младите речиси без исклучок преживуваат некаква форма на булинг и неприфаќање во образованието. За овој проблем ни говори и доскорешен случај во КСЗД кој на репрезентативен начин го опишува искуството на „различните“ млади во образованието. Ана ќе го презентира

Комисијата бара измени на Законот за средно образование во насока на Законот за основно но со понатамошно унапредување на одредбите од аспект на еднаквост и недискриминација, Измени на Законот за учебници и препознавање на Улогата на КСЗД која има специфична надлежност да „ придонесува при изготвување и примена на програми и материјали од областа на формалното и неформалното образование“, воведување на содржини и предмети во сите степени на образование кои ќе зборуваат за родовата еднаквост, ЧП и антидискриминација, подзаконски акт за насилство (рзн) за средно, донесување и спроведување политики за спречување, заштита и промоција на родова еднаквост во училиште, зајакнување на капацитетите и вредностите за родова еднаквост на кадарот, не само преку дополнителни обуки туку и на факултетите кои образуваат наставници. Итн.

## Ана Угрова

Угрова го презентираше случајот **ПП против СОУ „Кочо Рацин“- Велес**. Станува збор за предмет иницииран по поднесена претставка од ученик во 4та година средно образование против училиштето каде учи. Претставката се базира на случај на врсничко насилство (булинг) врз подносителот. Иако булингот го вршат негови соученици, постапката пред Комисијата се водеше против училиштето за нивното непостапување по пријавите за булинг, несанкционирање на сторителите, како и пропуштањето да се заштити жртвата на булинг.

Во случајот, дел од соучениците го перципираат подносителот како Ром и геј, а дополнително и како дете со посебни потреби, поради што му упатуваат бројни навреди врз тие основи.

### Основите на дискриминација

Родителите на ученикот при негов упис во прва година приложуваат Извештај од Заводот за ментално здравје, кој во суштина кај него констатира одредени потешкотии при учењето, потешкотии да се концентрира итн., но во никој случај не зборува за било каква попреченост. Со текот на времето, за овој т.н. документ, кој требало да биде чуван како доверлив, дознаваат голем број луѓе и учениците почнуваат да го навредуваат сметајќи го за дете со посебни потреби. Дополнително, поради неговата потемна боја на кожа, тие го перцепираат како Ром, а го сметаат и за геј.

### Фактичка состојба

Ваквите настани, каде бил навредуван врз основа на неговите перципирани карактеристики, ги има пријавувано во училиштето на повеќе наврати, но без соодветна реакција од училиштето. Дополнително, булингот се случувал и за време на часови каде биле присутни професори, со што одговорните во училиштето знаеле или морале да знаат дека се случува. Иако булингот доаѓа првично од група соученици, училиштето ова го овозможува преку непреземање мерки, а дополнително и самите вработени во училиштето вршат вознемирување, особено преку стигматизирање на ученикот жртва.

Комисијата во текот на постапката изврши увид во училиштето и оствари средба со раководството на училиштето и стручната служба, понатаму со ученикот и негова соученичка која во целата ситуација застанува во негова одбрана, за што и самата трпи штетни последици, нивните родители, беше прибавен и наод и мислење од психолог, по што Комисијата увиде дека училиштето покажува ниски капацитети за прифаќање на различностите и прилагодување кон нив.

## Што беше утврдено

Комисијата во случајот утврди повеќекратна и продолжена дискриминација по перцепција, вознемирување и виктимизација, сите врз основа на етничка и расна припадност, сексуална ориентација и попреченост, сторена од страна на училиштето, со тоа што различно и понеповолно го третира во повеќе области: пропушта да му обезбеди заштита како жртва на булинг, пропушта да ги санкционира сторителите на булингот, го стигматизира и етикетира, го третира понеповолно во однос на педагошките мерки (изрекува педагошка мерка за жртвата, а не за сторителите на булинг), го обвинува и осудува за поднесувањето на претставка и не му дозволува да учествува во социјалниот живот на училиштето (забрането му е да присуствува на гимназиска забава).

Во контекст на утврдената дискриминација по перцепција, Комисијата укажа дека е ирелевантно дали поединец навистина припаѓа на одредена заедница и отворено тоа го соопштува, за да биде изложен на булинг. Дополнително, училиштето на повеќе наврати истакна мислење дека не може да биде вршител на дискриминација и булинг некој кој и самиот припаѓа на заедницата која ја дискриминира (еден од соучените кои го вршат булингот е Ром). Комисијата во рамки на својата превентивна и едукативна надлежност сметаше дека е важно да истакне дека овој став е погрешен, бидејќи лицата кои припаѓаат на овие групи не се имуни на дискриминаторски ставови кон самите групи, делумно поради интернализирана дискриминација која е резултат на фактот што и припадниците на маргинализираните заедници се растени во општество во кое биле изложени на дискриминаторски ставови и пораки.

## Препораки

Комисијата во овој случај донесе низа препораки:

- Училиштето да преземе мерки за заштита на подносителот од булинг во согласност со неговите потреби
- Да преземе мерки за изрекување педагошки мерки на соучениците сторители на булинг, како и други мерки за промена на однесувањето на сторителите на булингот
- Да ја укине педагошката мерка кон подносителот
- Да донесе интерна политика или протокол за спречување и заштита од насилство и дискриминација, која понатаму соодветно ќе ја спроведува, промовира и унапредува
- Да ги зајакне капацитетите на вработените (наставниците и стручните соработници) за препознавање, заштита и превенција од насилство и дискриминација

Комисијата понуди поддршка во однос на насоки и вмрежување за соодветно спроведување на препораките. Во моментот е постапено по првите 3 препораки, додека се уште тече рокот за последните две, за што КСЗД е во комуникација со училиштето.

Панел дискусија: Родовата перспектива на домашното разбирање и практика за инклузивното образование

Панелистки: **Ирена Цветковиќ,** Извршна директорка, Коалиција Маргини

**Лина Ќостарова Унковска,** Истражувачка и активистка за правата на невидливите, маргинализирани, деца и млади

**Ана Попризова,** Актив на стручни служби на средните училишта на Град Скопје

Модераторка: **Драгана Дрндаревска,** членка на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација

## Ирена Цветковиќ

Ирена Цветковиќ во нејзината презентација започна со аргументи за аспекти од кои можеме да заклучиме дека образованието во земјата не е родово сензитивно и дека дури и ги продлабочува нееднаквостите особено поврзани со родот. Таа образложи и каде лежат корените за оваа состојба и какви промени ни се потребни за да ја унапредиме еднаквоста, да креираме безбедни училишта каде децата ќе го развиваат својот максимален потенцијал.

Конкретно, Цветковиќ започна со наоди од истражувања на учебници кои биле анализирани од родова перспектива. Преку конкретни примери, таа аргументираше како истите не само што не може да потпаднат под категоријата родово-сензитивни, туку и може да резултираат со продлабочено генерирање на нееднаквости. На пример, во учебник по македонски јазик за прво одделение, 70% од авторите се мажи, а само 9% се жени. Останатите 21% се народна литература. Секој 10-ти машки лик во учебниците е татко, но секоја 3-та е мајка. Нарацијата во текстовите во 85% од случаите е од машко. Главните ликови се 75% машки, 5% женски и остатокот се други ликови.

Потоа таа ги презентираше како дополнителен аргумент наодите од првата фаза на новата програма работена според новата Концепција за основно образование, разбивајќи некои од митовите за тоа како се интегрира родово-сензитивното образование во 1-во и во 4-то одделение. За прво одделение, родово-сензитивното образование се фоксуира на следниве цели: адекватно изразување емоции, градење позитивна слика за себе, воведување на содржини кои нема да содржат родови стереотипи, градење култура на ненасилство кај децата. За четврто одделение, родово-сензитивното образование се фоксуира на следниве

цели: превенција од врсничко насилство, надминување на родови стереотипи и заштита од родово засновано насилство.

Цветковиќ заклучи со повик за длабинско преиспитување на родовите норми во сите сегменти на образованието.

## Лина Ќостарова Унковска

Лина Ќостарова Унковска ја презентираше ХБСЦ студијата за однесувањата поврзани со здравјето на децата на училишна возраст (11, 13 и 15 години) во земјава. Податоците од ХБСЦ студијата откриваат поразителни и алармантни податоци за здравјето и благосостојбата на школските деца. Бидејќи се работи за лонгитудинална студија и компаративна студија можеме да видиме дека бројките не се подобруваат, а во споредба со европските земји сме лошо рангирани. Во прилог ја вклучуваме нејзината презентација каде може да се видат дел од клучните резултати од студијата.



## Наци[illegible] на истражувањето во [illegible]а

| Наставен јазик | 11 години | | 13 години | | 15 години | | вкупно | процент |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | м | д | м | д | м | д | | |
| Македонски јазик | 539 | 577 | 558 | 596 | 579 | 577 | 3426 | 67% |
| Албански јазик | 294 | 333 | 251 | 307 | 265 | 266 | 1716 | 33% |
| Вкупно според род и наставен јазик | 833 | 910 | 809 | 903 | 844 | 843 | 5132 | 100% |
| Вкупно според возраст | 1743 | | 1712 | | 1687 | | | |

ХБСЦ Студија за однесувањата поврзани со здравјето на децата на училишна возраст (11, 13, и 15 години) во Северна Македонија

## Млади на 15 години со традиционални ставови за родовите улоги






Примери на ставови кои поддржуват традиционални родови улоги:

- Општо земено, таткото треба да има поголемо влијание отколку мајката во донесувањето семејни одлуки.
- Момчињата се подобри лидери од девојчињата.
- Девојчињата би требало повеќе да размислуваат како да станат добри сопруги и мајки отколку да посакуваат кариера во професијата или во бизнисот.

ХБСЦ Студија за однесувањата поврзани со здравјето на децата на училишна возраст (11, 13, и 15 години) во Северна Македонија

(НЕ)видливи млади, забранети теми, ризични однесувања –
простори за ослободување на насилството



ХБСЦ Студија за однесувањата поврзани со здравјето на децата
на училишна возраст (11, 13, и 15 години) во Северна Македонија

## Сексуално активни момчиња и девојчиња на 15 години од Северна Македонија

| | Момчиња | Девојчиња |
|---|---|---|
| МАК | 26% | 6% |
| АЛБ | 39% | 3% |

МАК

АЛБ




ХБСЦ Студија за однесувањата поврзани со здравјето на децата
на училишна возраст (11, 13, и 15 години) во Северна Македонија




## Млади (15 год) со и без сексуални искуства, и менталното здравје




**Табела 5.** Пропорции на млади (15 години) со и без сексуално искуство, со показатели на менталното и емоционалното здравје и начини на справување

## Млади (15 год) со и без сексуални искуства, и сексуално насилство




Сексуално искусни момчиња
Сексуално НЕискусни момчиња
Сексуално искусни девојчиња
Сексуално НЕискусни девојчиња

**Табела 6.** Пропорции на млади (15 години) со и без сексуални искуства, со показатели на социјална поддршка од страна на семејството и врсниците

| Сексуално [illegible] мл[illegible] во[illegible] | | |
|---|---|---|
| | [illegible]мчиња | Девојчиња |
| К[illegible]нада | [illegible]3% | 18% |
| Данс[illegible] | [illegible]3% | 21% |
| Ф[illegible] | [illegible]1% | 29% |
| Фр[illegible] | 16% | 14[illegible] |
| [illegible]манија | 19% | [illegible]% |
| [illegible]ска | 10% | [illegible] |
| [illegible]нија | [illegible]9% | [illegible] |
| Македонија | 30% | 5% |

ХБСЦ Студија за однесувањата поврзани со здравјето на децата на училишна возраст (11, 13, и 15 години) во Северна Македонија




**Табела 7.** Пропорции на 15-годишни млади, момчиња и девојчиња со искуство на вљубување во ист, спротивен или двата пола.




**Табела 10.** Пропорции на 15-годишни млади, (момчиња и девојчиња) со искуство на вљубување во ист, спротивен или двата пола, низ индикатори на ментално емоционално здравје

**Млади (15 год) вљубени во спротивен, ист или двата пола и насилството**




**Табела 8.** Пропорции на 15-годишни млади, (момчиња и девојчиња) со искуство на вљубување во ист, спротивен или двата пола, изложени на разни видови насилство.

По презентацијата, Дрндаревска заклучи дека бројките се исклучително алармантни. Еднакво алармантно е дека овие податоци не се земаат предвид од донесувачите на одлуки.

## Ана Попризова

Ана Попризова се задржа на изложување на состојбите во училиштата, на тоа со какви предизвици се соочуваат учениците поврзани со родовите нееднаквости, родовите предрасуди и норми. Го изложи нејзиното искуство како психолог од работа со ЛГБТИ деца, што можат училиштата да направат за да ја унапредат инклузијата на ЛГБТИ младите во образованието, како и со какви предизвици се соочува наставниот кадар кој има волја да работи на овие теми и да ја унапредува состојбата, да ја адресира стигмата и каков тип на поддршка, политики, насоки се потребни за училиштата.

Осврнувајќи се на ситуацијата во училиштата, Попризова ја нагласи тешката состојба во училиштата, особено заради стереотипи и предрасуди поврзани со родовата еднаквост и антиродовите движења кои се присутни меѓу наставниот кадар, учениците и стручните соработници. Според неа, темите поврзани со родова еднаквост се многу малку застапени во наставната програма. Таа смета дека има само декларативна заложба за недискриминација од страна на наставниот кадар, но дека нема доволна едукација и сензибилизација на овие теми.

Таа особено ја нагласи изолацијата со која се соочуваат ЛГБТИ децата во образованието, како и тоа дека поддршката изостанува и ако ја има таа е инцидентна. Реалноста на еден средношколец припадник на ЛГБТИ заедницата, кажа Попризова, е исполнета со страв, неизвесност, збунетост, небезбедност и немање поддршка ниту од родители, наставен кадар и ученици. Таа се надоврза на резултатите од ХБСЦ студијата од претходната говорничка, велејќи дека а шокантен резултатот дека припадниците на ЛГБТИ заедницата од нашата популација, на 15 годишна возраст дури три пати повеќе сериозно размислуваат за самоубиство или имаат обиди за самоубиство. Ова се аргументи да се работи во насока на зајакнување на капацитетите на стручните соработници и наставниот кадар во насока на поддршка на овие ученици.

За крај, Попризова даде препораки и за училиштата и за институциите. За училиштата, таа препорачува:

- Едукација на наставен кадар и стручни соработници за родово-базирано насилство и антиродови движења;
- Зајакнување на капацитетите на стручните служби во училиштата (норматив да се определи еден психолог со колку ученици може да работи, просторни услови кои обезбедуват доверливост и дискреција, плати да се изедначат со класни раководители; таа нагласи дека во моментов еден стручен соработник е помалку платен од наставник кој е класен раководител што и во однос на советодавната компетенција на стручниот соработник е во контрадикција); и
- Тековните програми/протоколи за справување со насилство на училиштата треба да се продлабочат со областа на родово-базирано насилство.

За институциите, Попризова препорача:

- Донесување на нов Закон за средно образование кој ќе одговори на многуте потреби дискутирани од стручните лица денес, но и наназад низ годините;
- Донесување на програма за унапредување на менталното здравје и справување со дискриминација кај учениците, која ќе ја земе предвид ранливата состојба на ЛГБТИ лицата;
- Педагошка служба при МОН да се доекипира и да работи според нејзината полна надлежност, што е многу важна за затворање на кругот на поддршка на училиштата, бидејќи најчесто училиштата се оставени сами на себе;
- Обезбедување супервизиска и менторска поддршка на стручните соработници, бидејќи тоа е стандард на помагачките професии – за да се унапреди нивна работа, но и за да се поддржат во личен и професионален развој и грижа за сопственото ментално здравје што е основен редуслов за успешна професионална пракса; и

- Воведување на содржини на институтите по психологија, педагогија, специјална едукација и социјална работа кои ќе подразбираат усвојување на вештини на советување, а не само знаења.

## Дискусија

Дрндаревска нагласи дека е евидентно потфрлањето дури и со негативната обврска на училиштата и наставните кадри. Таа даде простор за коментари и прашања од сите учеснички и учесници.

Наташа Бошкова нагласи дека бројките се нешто што мора донесувачите на одлуки да го земаат предвид. Оттука, таа сугерираше дека треба да се мобилизираме за бројките да стигнат до нив и да бидат земени предвид при донесувањето на одлуки.

Огнен Спасовски повика на континуирани напори за работење на темата, прибирање на докази и истражување. Сериозно земање предвид на наодите од истражувања со цел да може да се донесат соодветни јавни политики.

## Завршни зборови и следни чекори

Резиме, следни чекори и завршни зборови

**Драгана Дрндаревска,** членка на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација

**Билјана Котевска,** експертка за родова еднаквост, проект „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“

Дрндаревска се заблагодари во името на Комисијата и целиот организациски тим на сите што дојдоа и учествуваа во дискусиите на првите „Разговори за еднаквост“. По ова, беа споделени плановите за идни чекори. Како прв, непосреден чекор, врз основа на наодите од дискусија на настанот, ќе биде изработен детален **извештај од настанот**. Тој извештај ќе ги вклучи презентациите, говорите и главните точки од излагањата на говорничките и говорниците, како и од дискусиите на учесничките и учесниците.

Потоа, врз основа на овој извештај, како и други претходно спроведени истражувачки активности, тим составен од Комисијата за спречување и заштита од дискриминација и проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“ ќе изработи **пишан преглед на предлог конкретни чекори и активности до системски промени**, поврзани со индикатори со цел овозможување на подобар терен за следење на нивното спроведување. Истите ќе бидат искомуницирани со сите релевантни чинители. Дополнително, наодите и препораките од овој извештај ќе бидат искористени од Комисијата за спречување и заштита од дискриминација и од проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“ за планирање на идни активности и за застапување.

-НАСТАНОТ ЗАВРШИ ВО 17.30 ЧАСОТ-

# „РАЗГОВОРИ ЗА ЕДНАКВОСТ“

## Прво издание: Инклузивно образование

-дневен ред-

Хотел Солун

09.00-17.15ч, 03.07.2024 година

09.00-09.30 Регистрација на учеснички и учесници

**09.30-09.45 Поздравни зборови**

Игор Јадровски, претседател на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација

Весна Јаневска, министерка за образование и наука

Претставник/чка од Делегацијата на Европската Унија во Северна Македонија (дсп)

Барбара Лигл, раководителка на компонента 4, проект „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“

**09.45-11.15** *Инклузивното образование во европското право и практика*

Главна говорничка: Лила Фаркаш, меѓународна експертка за инклузивното образование и еднаквоста и недискриминацијата во меѓународното право

Модераторка: Билјана Котевска, проект „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“ или некој од КСЗД

09.45-10.30 Излагање

10.30-11.15 Прашања и одговори

11.15-11.30 Кафе пауза

11.30-11.45 Комисијата во фокус: Инклузивното образование во работата на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација

Севги Идриз, раководителка на Одделение за спречување на дискриминација и промоција на принцип на еднаквост, Комисија за спречување и заштита од дискриминација

11.45-13.00 Панел дискусија: Инклузивното образование во домашното право и практика низ призма на еднаквоста и недискриминацијата

Мабера Камбери, раководителка на сектор за координација и техничка помош на министерот, Министерство за труд и социјална политика

Елена Кочовска, експертка за еднаквост и недискриминација во образованието на основ на попреченост

Дана Бишкоска, раководителка на сектор за Европска унија, Министерство за образование и наука

Арабела Иљаз, виша соработничка за унапредување на образованието на ромски јазик, Министерство за образование и наука

Огнен Спасовски, експерт по инклузивно образование

Модераторка: Севги Идриз, раководителка на Одделение за спречување на дискриминација и промоција на принцип на еднаквост, Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Воведни излагања: 11.45-12.25

Отворена дискусија: 12.25-13.00

13.00-14.00 Ручек

14.00-15.15 *Родова перспектива на инклузивното образование: Компаративни европски стандарди и искуства*

Јустина Јонеску, меѓународна експертка за родова перспектива на инклузивното образование и еднаквоста и недискриминацијата во европските искуства

Модераторка: Билјана Котевска, проект „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“ или некој од КСЗД

14.00-14.45 Излагање

14.45-15.15 Прашања и одговори

15.15-15.30 Кафе пауза

15.30-15.45 Комисијата во фокус: Родово-сензитивното образование во работата на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација

Драгана Дрндаревска, членка на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација

Ана Угрова, помлада соработничка за подготовка на акти од областа на спречување и заштита од дискриминација, Комисија за спречување и заштита од дискриминација

15.45-17.00 Панел дискусија: Родовата перспектива на домашното разбирање и практика за инклузивното образование

Ирена Цветковиќ, Извршна директорка, Коалиција Маргини

Лина Ќостарова Унковска, Истражувачка и активистка за правата на невидливите, маргинализирани, деца и млади

Ана Поприzова, Актив на стручни служби на средните училишта на Град Скопје

Модераторка: Драгана Дрндаревска, членка на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација

Воведни излагања: 15.45-16.25

Отворена дискусија: 16.25-17.00

17.00-17.15 Резиме, следни чекори и завршни зборови

Драгана Дрндаревска, членка на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација

Билјана Котевска, проект „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“